## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Од Четвртото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 26 декември 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:**

Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по 117-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Никола Ќуркчиев, Каролина Ристова, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулаќим Адеми, Абдулади Вејсели, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да ме известат колку пратеници се потпишани.

Бидејќи се потпишани 34 пратеника, значи не се физички присутни, објавувам пауза до 11,30 часот.

(Пауза од 11,05 до 11,30 часот).

Ги молам пратениците и претставникот на Владата да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да се гласа по амандманот.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Претресот по амандманот на раздел 12 101 Програма 4 подпрограма 40 ставка 425 и на Раздел 09 002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Благој Голомеев, Соња Лепиткова и Лијана Ивановска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 19 пратеници гласале за, нема воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 подпрограма 4-а, ставка 482 и на Раздел 09 002 Програма 2 подпрограма 21 ставка 413, поднесен од пратениците Благој Голомеев, Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, а средствата кои се со амандманот предложени во Буџетот се на доволно ниво и сите контрибуции за странските проекти се обезбедени во Буџетот, така што нема потреба од дополнителни средства.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Голомев, имате збор.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседаеле.

Министерството за животна средина и просторно планирање има поставено околу 15 мониторинг станици за воздух и 18 за вода, како основен предуслов за контрола на квалитетот на животната средина. Тоа е еден од основните или базните интереси на Република Македонија во исполнувањето на одредени европски критериуми. Сигурно дека Републиката ни од далеку не е покриена целосно, па на пример источниот регион на Република Македонија воопшто не е покриен со мониторинг станици, а според структурата на стопанството знаме дека таму имаме неколку жешки точки. Реката Брегалница треба комлетно да се стави под мониторинг за да се избегнат било какви изненадувања од аспект на деструкција на животната средина. Заради тоа се потребни овие дополнителни средства бидејќи многу едноставно се добиваат средства за опрема на тие мониторинг станици од странски донации, меѓутоа, она што Министерството мора да го обезбеди се градежните работи и поддршката за воспоставување на тие мониторинг станици. За тоа овие додатни три милиони денари во Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање добро би дошле за исполнување на овие обврски кои се од исклучително значење. Затоа, сметам дека би требало да биде поддржан овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 20 за амандманот, нема воздржан, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 5 подпрограма 50, ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 487, поднесен од пратениците Благој Голомеев, Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој Амандман со слична содржина не го прифаќаме амандманот ги намалува средствата за изградба на патишта во Република Македонија. Реков дека принципиелно инвестициони намалувања нема да прифаќаме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Голомев, имате збор.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседател.

Амандманот се однесува на колекторскиот систем кој треба да го осигура Беровското езеро и да го претвори во туристичка атракција. Потребни се околу 4 милиони денари додатни средства за завршување на тој систем, на уште два крака од тој колекторски систем и поради тоа е поднесен овој амандман. Мислам дека на источниот дел на Република Македонија, особено Беровскиот, една од главните шанси е токму во развојот на туризмот. Беровското езеро е еден од бисерите во Република Македонија. Мислам дека кога веќе се обезбедени пари од странски донации, да се доизгради комплетно овој колекторски систем, сега за два крака не треба да се остави простор тој да не биде завршен на време. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 19 за амандманот, нема воздржан и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 6 подпрограма 60, ставка 425 и на Раздел 04002 Програма 1 подпрограма 1-а ставка 481, поднесен од пратениците Благој Голомеов, Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа заради тоа што алоцира средства од инвестиции во договорни услуги, а договорните услуги за кои се бара се обезбедени во Секретаријатот за европски прашања и нема потреба од овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Голомеов, имате збор.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе.

Со амандманот се бараат три милиони денари како наша контрибуција врз основа на проекти кои се финансирани од Европската Унија и УНДП, односно за воспоставување наша контрибуција и обезбедување средства за закуп на канцеларии, покажување интерес, поврзување и обезбедување на информатичка опрема, затоплување и други комунални услуги кои се неопходни за да се реализираат овие проекти, кои се во функција на подигрнување на заштитата на животната средина во Република Македонија како еден од приоритетите на нашата држава. Затоа, сметам дека сепак овие средства не се големи и би требало да бидат обезбедени за оваа намена.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 21 за амандманот, нема воздржан и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 подпрограма 20 за додасвање нова категорија 46 по категоријата 45 и за додасвање нова ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Со овој амандман се предлага да се намалат инвестициите од Буџетот на Република Македонија и да се зголемат субвенциите и трансферите. Амандманот не се прифаќа, а за намените за кои овој амандман се однесува Владата ќе изнајде друго решение, а не ова што се предлага.

Би сакал да укажам дека истото образложение, дас не го повторувам, ќе биде и за наредните три амандмани, бидејќи се со иста содржина.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Томе Тромбев, повелете.

**Томе Тромбев:** Ви благодарам претседателе.

Овие амандмани, како што кажа и министерот, 16, 17, 18 и 19 од списокот, сите кореспондираат со одлуките кои се на дневен ред на оваа седница и тоа: Предлог одлуките за одобрување на финансиските планови на ЈП Македонска радио телевизија за редовни инвестициони активности на Радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазик, потоа наредната одлука за радио програмите наменети за информирани на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство и наредните две одлуки кои се за сателитскиот радио и телевизиски пренос за нашите иселеници во странство.

Оваа обврска произлегува од новиот закон за радиодифузна дејност од каде што овие програмски сервиси се финансираат од Буџетот на Република Македонија. Ние како Комисија поднесовме амандмани, со што на некој начин прејудицираме донесување на овие одлуки, меѓутоа, и понатаму, остануваме и опстојуваме на потребата дека овие амандмани треба да се

прифатат и да бидат дел од Буџетот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Сосема накатко почитуван претседателе, бидејќи пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ нема свој претставник во Комисијата за транспорт врски и екологија, сакам да ја искажам нашата поддршка за амандманите по точка 16, 17, 18 и 19 од списокот.

Сметаме дека е нопходно потребно да се одвојат средства за нормално функционирање на сателитските програми, радио и телевизиски програми за нашите иселеници. Исто така, и сателитскиот канал за пренесување на Собраниските седници и од тој аспект пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе даде согласност за овие амандмани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 22 за амандманот, двајца воздржано и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 подпрограма 20 за додавање нова категорија 46 по категоријата 45 и за додавање нова ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

И со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој амандман е, како што кажав, со истото образложение од тие четири амандмани и амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 18 за амандманот, 4 воздржано, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 подпрограма 20 за додавање нова категорија 46 по категоријата 45 и за додавање нова ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екоклогија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, тој е од истата серија како и претходните.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 19 за амандманот, тројца воздржано, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 подпрограма 20 за додавање нова категорија 46 по категоријата 45 и за додавање нова ставка 461 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

И со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, тој е последниот од оваа група на амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 18 за амандманот, тројца воздржано, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 подпрограма 20, ставка 482 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратеникот Марија Којзелиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, затоа што изградба на патните правцо во Република Македонија се обезбедува преку Фондот за патишта, а не во

Министерството за транспорт и врски. Фондот за патишта има свој буџет, кои патишта ќе се градат се одлучува со Програмата после донесување на Буџетот, а не со Буџетот директно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас сега сакам малку да се пазарам со министерот за финансии и да барам, доколку е можно, она што е наведено како раздел 13001, Министерство за транспорт и врски, да видиме така министерот дали ќе го прифати, значи, да го преформулирам првиот дел од амандманот, така што тој да гласи вака:

За раздел 002 Министерство за финансии, функции на државата, во Програмата 2, во подпрограмата 20, функции во ставката 487, капитални трансфери до вонбуџетските фондови износ од 1.210.000 да се замени со износот 1.360.000 денари. Јас би сакала, доколку министерот за финансии се согласи, овој амандман вака да биде преформулиран во првиот дел.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска без крчмар не може да се пазарите, си има Деловник, и ако сака министерот таа формулација да ја прифати, ќе треба тие да поднесат амандман.

**Марија Којзеклиска:** Преседателе, нели имаше и со Комисијата за транспорт и врски и екологија дополнување, одземање. . .

**Љупчо Јордановски:** Тие се сега единствени предлагачи на амандманите.

**Марија Којзеклиска:** Знам дека се единствени и затоа прашувам дали министерот би се нафатил да го прифати да биде првиот дел од амандманот преформулиран вака како што го барам, а после ако може ќе земам збор.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Преформулацијата не ја прифаќам.

Средствата за Фондот за патишта во износ од неколку милјарди денари се обезбедени во Фондот и Програмата за градење на патишта ќе се донесе во текот на годината, кои патишта ќе се градат или ќе се довршуваат Преформулацијата не ја прифаќам.

Средствата за Фондот за патишта во износ од неколку милјарди денари се обезбедени во Фондот и Програмата за градење на патишта ќе се донесе во текот на годината, кои патишта ќе се градат или ќе се довршуваат започнатите се одлучува со Програмата а не во Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и почитуван министер за финансии.

Во почетокот на 2004 година Собранието изгласа Информација со која ја задолжи Владата на Република Македонија за изградба на соодветни патни правци и тоа прва фаза беше Свети Николе - Миладиновци, втора фаза беше Штип - Делчево - граница и третата фаза Штип - Струмица - граница. Значи со заклучоците беше задолжена Владата да изготви проекти врз основа на кои ќе можат да се градат тие патни правци. Од сето тоа останува само, во моментот всушност се работи само патниот правец Радовиш - Струмица. Целиот останат дел од информацијата со која Владата е задолжена да изготви проект во тој дел, Владата не постапила.

Со овој амандман јас барам дел од тој патен правец, од она што со се беше задолжена Владата, или барам изградба на трета лента на патниот правец Штип - Велес во должина од 38 километри со оглед на неколку факти кои сакав да ги изнесам. Се надевам дека и пратениците ќе ме поддржат во тоа.

Прво, тоа е единствениот пат од граница со Република Бугарија, значи ја поврзува границата со главниот град.

Второ, еден од најфреквентните патишта во Источна Македонија кој ја поврзува половина Македонија, Источниот дел на Македонија.

Трето, оштетувањата на постојниот пат токму поради огромната фреквентност која постои доведуваат до заклучок дека овој пат во наредните неколку години можеби и ќе биде надвор од функција.

Четврто, железничкиот сообраќај во Источниот дел на Македонија не постои. Значи целиот транспорт на стоки и услуги се врши преку овој патен правец.

Кога патувате од Штип до Велес, поточно до Велешко брдо 38 километри изнесува должината, а како да патувате 380 километри. Сите колеги кои доаѓаат од тој патен правец и кои ја поддржаа Информацијата, а тоа се 30-тина колеги од овој пратенички состав кои ја поддржаа информацијата можат да го потврдат фактот дека секое патување од Штип до Велес, независно дали се работи за нас, за секој корисник на тој патен правец претставува ризик.

Најслабата точка посебна во зимските услови е кај селото Сарамзалино. Задолжително имаме застој таму секоја зима при обилни врнежи. Плус тоа е место каде што се случуваат многу сообраќајни несреќи.

Патниот правец Штип - Велес 40 години е истиот. Четириесет години, да повторам ако некој не слушнал добро со мали шминкерски зафати, истиот патен правец е 40 години.

Со овој амандман барам да се дополни уште една лента. Не барам да се направи автопат, но мора да разбереме дека тоа е магистрален пат кој ја поврзува цела Источна Македонија со центарот на државата, со главниот град на државата Скопје. Без железнички сообраќај, што значи и останува само тој патен правец. Толку е оштетен,

јас колку што се сеќавам и вицепремиерката кога патувала во тој правец велела дека не е можно овој пат да биде толку оштетен.

Барам од пратениците во овој парламентарен состав да покажат еднаш, доблест не сакам да го употребам, не е доблест, да покажат една сериозност во стискањето на копчињата зелено, жолто или црвено, инаку сите пратеници од сите парламентарни состави од 1990 година наваму ќе испаднеме несериозни и сме несериозни, дури и неспособни да можеме да направиме проширување од една лента на тој најфреквентен патен правец во Источна Македонија. Затоа барам од колегите поддршка на овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Лалчевска имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседтеле,

Се јавив за да ја искажам поддршката на Либералната партија за овој амандман.

Ние принципиелно стоиме на ставот затоа што и Информацијата која што ја изготви овој парламентарен состав застанавме зад таа информација, дадовме поддршка со надеж дека ќе ја поттикнеме Владата да го реши овој патен правец во Источна Македонија, кој е многу важен за Републиката, бидејќи повеќе од 40 години освен мали реконструктивни зафати таму нема ништо конкретно, а е многу фреквентен.

Нема да му се обраќам на министерот, бидејќи министерот си го кажа своето, очигледно се нема слух за приоритетите во Републиката, ќе им се обратам на колегите пратеници и ќе ги потсетам дека токму ние, овој парламентарен состав ја изгласавме таа информација, дадовме поддршка и побаравме од Владата, дури ја задолживме во најкраток можен рок да преземе зафати на овој патен правец. Затоа ги молам коолегите овој пат да не се откажуваат од она што веќе еднаш го изгласавме и да дадеме поддршка на овој амандман кој бара средства само за дел од овој патен правец, значи само да отпочнат работите на овој патен правец, а потоа ќе видиме колку и како ќе се одвива, со каква динамика.

Ние ќе ја дадеме поддршката и очекувам сите што гласаа за информацијата исто така ќе гласаат сега за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Ги ценам излагањата и на двете колешки, меѓутоа мислам дека образложението дадено во врска со овој амандман е сосема јасно. Притисокот и на пратениците и на сите нас кои ве поддржавме во поглед на Информацијата за доградба на магистралниот пат Велес-Штип не можеме да ја бараме директно во централноит буџет. Да направиме еден притисок и таа наша иницијатива, јас верувам дека сите колеги ќе ве поддржат во тоа да ја проследиме на вистинското место, односно во Фондот за патишта. Таму е вистинското местол. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута контра реплика госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Колега Томиќ точно Фондот за патишта е вистинското место, меѓутоа Фондот за патишта добива пари од централниот буџет не добива пари од друго место. Значи, сепак сето тоа се случува во Владата и притисокот треба да е на Влада а не на Фондот за патишта. Ако ние не притискаме на Владата како тогаш Фондот за патишта ќе добие пари или ќе внесе во Програмата за изградба на некој патен правец. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседател,

Сосема накратко да ја искажам нашата поддршка за овој амандман.

Овој парламентарен состав изгласа една информација, донесе заклучоци кои што треба да бидат обрзувачки за Владата на Република Македонија, бидејќи пратениците јасно ја искажаа својата волја дека треба конечно во источниот регион од државата да се направи нешто за патната инфрастрктура. Јас не знам дали заклучоците и информациите што ги разгледуваме овде и задолженијата кои што ги даваме на Владата собираат прашина во некоја фиока, или пак да се постапува по нив. Очигледно е дека од Буџетот на државата се пренесуваат пари на Фондот за патишта. Јас не можам да го разберам кажувањето на министерот кој рече дека пари има префрлено на Фондот, тие ќе си направат програма и ќе се види за што ќе бидат искористени тие пари. Како може да се префрлат пари без да се има јасна програма и да се знае за што се даваат тие пари и кои патни правци ќе имаатприоритет. Нормално е за изградба, кои патни правци ќе имаат приоритет, нормално е ние да расправаме бидејќи со години на ред зборуваме за патиштата во Источниот дел во државата, почувајќи од патот Струмица-Штип-Велес, значи цел источен регион не само овој патен правец, туку и другите правци се катастрофални. Кандидати сме за земја членка на Европската унија, меѓутоа дали воопшто некогаш ние ќе станеме членка на Европската унија доколку имаме патишта од пред минатиот век. Срамно е да се оди по патишта на кои што коцките отскокнуваат, патишта во источниот регион на државата кои што имаат огромен број на кривини,односно одат по турските меги, патишта кои што се направени уште пред сто години. Срамно е почитувани колеги кога ќе се направи споредба што има во Западна Македонија, какви се патиштат во западниот регион, а какви се во источниот дел мораме многу сериозно да го сватиме она што го зборувавме кога ја носевме Информацијата и кога ги носевме задолженијата. Ако сакаме да се поттикне и странското инвестирање во Република Македонија, меѓутоа и да се искористат ресурските кои што ги има источниот регион од државата тогаш неминовно потребно е да имаме

патишта. Ние немаме апсолутно некакви патишта за да може било кој странски инвеститор да дојде во овој дел на државата, а да не зборувам за вообичаената комуникација, а да не зборуваме за огромниот број на сообраќани несреќи, за потрошеното време, за потрошените гуми потрошеното горриво. Значи се оди на штата на сите граѓани на државата и на штета на Република Македонија. Мислам дека неопходно е потребано да се даде уште една поддршка, да се дадат средства во Фондот за патишта и тоа за исклучива намена за изградба на патишта во источниот дел на државата,а посебнона најоптеретениот правец кој што тргнува од македонско-бугарската граница кај Ново Село завршувајќи до Велес. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Соња Лепиткова:** Благодрам господине претседателе,

Мојата дисикусија ќе биде насочена само кон тоа дека ние како пратеници и тоа во поголем број се потпишавме за иницијативата за конечно разрешување на проблемот кој што го има Источна Македонија со магистралните и регионалните патишта особено со патниот правец Штип - Велес. Во таа информација побаравме од Владата да се заложи за да може да се реши проблемот со тој пат. Дали тоа ќе биде проект за автопат, или пак проект за прошурување на патот, меѓутоа, фактот дека тој пат Штип - Велес е навистина во критична состојба и само луѓето кои што патуваат по тој патен правец, секојдневно, а и пратениците се соочуваат со проблеми. Ние сметаме дека Владата која што ги разгледува програмите кои што доаѓаат од Фондот за магистрални и регионални патишта требаше и мораше да го стави патниот правец Штип - Велес како приоритетна програма за реализација оваа година, бидејќи навистина пратениците од овој пратенички состав, без разлика дали доаѓаат од позиција или опозиција, не само сега на оваа седница со амандман, туку информацијата и барањето го поставија далеку порано и навистина треба да има поголема сериозност околу обезбедување на таква висина на средства односно да дојде до санирање на овој патен правец и до негово проширување пред се поради безбедносни причини, меѓутоа и да овозможиме поефикасен економски развој на тоа подрачје без вистинска инфраструктура тоа нешто не можеме да го очекуваме во наредниот период. Токму од тие причини јас сметам дека пратениците ќе имаат слух за прифаќање на еден ваков амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Стаменков, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе,

Колешката направила амандман за повеќе пари да се издвојат за патиштата во Република Македонија. Можеби не е најдобро формулиран но затоа е тука министерот да ја свати идејата на амандманот. Важно е дека сакаме да се почитува одлуката заклучокот на Собранието, да се почне со изградба на патниот правец Скопје-Штип. Кога велам изградба тоа значи ако немаме доволно пари да почнеме ефективно да градиме, барем да направиме проекти со кои што ќе конкурираме кај пристапните фондови на Европската унија за да обезбедиме и пари и инвститори.

Значи, добро е министерот да го прифати амандманот со подобра формулација каде ќе отидат тие пари, од каде ќе се земат, да се издвојат и да влезат во Фондот за патишта.

Ние и сега имаме од централниот буџет према Фондот за патишта околу 1.200.000 пари ќе бидат наменети односно ќе се потполнат дупките во Фондот за патишта. Ако треба уште 50 милиони денари, а тие веќе се резервирани за одредени проекти, ако треба додатни пари за да се отпочне со изградба на овој патен правец, односно барем да се изработат проекти, бидејќи, ако се сеќавате кога дискутиравме по ова прашање излезе дека најдобро решение е да се гради автопат Скопје-Штип преку Свети Николе. Тоа е најдоброто решение и трајно решение за многу години напред.

Мојот апел до пратениците е да го изгласаме амандманот.

Бидејќи видов дека кај колешката постии флексибилност околу самата формулација на амандманот, важно е да ја постигнеме целта и заклучокот што беше изгласан во Собранието да стоиме зад него како пратеници дека тој патен правец е неопходен за Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски, имате збор?

**Александар Флоровски:** Работите треба да се говорат отворено. Да се направи една паралела, ако може така да се каже, меѓу Источна и Западна Македонија, немам некој посебен мерак да делам, но министре ако видите какви аутостради имате Скопје-Тетово, Тетово-Гостивар, каков е патот од Велес до Штип или од Штип до Велес разликата е повеќе од еклатантна. Проблемот веќе од финансиски станува политички. За да не стане политички, не верувам дека оваа Влада не може да одвои 150 милиони денари за изградба на овој автопат. За жал денеска Источна Македонија е буквално мртва зона од сите можни аспекти, од пропаст на фирми, претпријатија и за патиштата да не говориме какви се. Јас случајно и војска служев во Штип во еден минат период, а и оваа година патот ме нанесе натаму, да не говорам за сите атрибути кои овде ги споменуваа пратениците на што личи тој пат, апсолутно нема врска ни со аутострада ни со магистрален пат. За да проблемот не прерасне во политички проблем да покажете добра волја, затоа што Македонија треба целокупно да влезе во Европа, со сета можна инфраструктура, пред се патна развиена мрежа за подобра комуникација на луѓето. Имајте добра волја, нема да кажам доблест, бидете

патриоти како што сте патриоти за Западниот дел на Македонија, дадете ги тие 150 или 200 милиони денари и согласете се со амандманот кој го предлага Којзеклиска.

Ако амандманот ви е премногу партиски дадете сопствен амандман кој ние ќе го гласаме. Работата се сведува на една единствена цел.

Изградете го патот Велес -Штип во должина од 38 км, ако не се лажам, а со тоа ќе ги легнете и страстите, ќе покажете "доблест", иако парите не се ваши. И, немојте да ја префрлате вината на Фондот за патишта, затоа што фондот за патишта црпи пари од Буџетот кој го предлагате, а тоа се пари на македонските даночници. Колку што ми е мене познато и во Источна Македонија живеат луѓе кои плаќаат данок на оваа Македонска држава.

Впрочем, вашата добра волја, вашата политичка платформа претворете ја од зборови во дела и направете нешто добро за овој народ.

**Љупчо Јордановски:** Господине Арсоски, повелете имате три минути реплика.

**Славе Арсоски:** Ќе реплицирам, бидејќи се злоупотребува и мислам дека и предходниот дискутант Силвана Бонева и тука и Флоровски во делот на западниот дел и на источниот дел, испаѓа дека во западниот дел како да има навистина магистрали. Ако еден пат од Тетово-Гостивар е добар, не значи дека сите патишта во западниот дел се извонредни односно се навистина со некои стандарди што одговараат за Европа. Па, видете го патот, да речеме, Гостивар - Ростуше-Дебар каков е. Навистина, пат за кој треба средства. Потоа, видете го патот Дебар-Струга или Охрид-Ресен, значи не треба така да се злоупотребува говорницата и добро е да има што повеќе средства и да се прават патиштата. Но, не значи дека во западниот дел сите пратишта се магистрали, во источниот дел дека не чинат и од Скопје кон Велес и Гевгелија е направен автопатот итн. Значи, не треба на тој начин да се споредуваме, туку да ги видиме реалните можности дали треба да се прават или дали има доволно средства во Фондот за магистрални и регионални патишта, тие патишта да се поправаат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Имате една минута контра реплика господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас очекував министерот да каже нешто, а не господинот Арсовски и не знам во кое својство се јавува. Но, вие да ми правите споредба дека немате авто пат и дека пат Тетово-Гостивар не е автопат, туку е селски макадам или некој селски пат, такви филмови немојте да ни кажувате нас. Ние говориме за поврзување на два многу битни града, тоа е Велес - Штип во должина од 38 км. Не дека јас имам против да се гради и понатаму, дај боже секаде да се гради. Но, овде се работи за еклатантен пример 40 години да не се чепне пат, а до вчера, за жал, горе на патот на кај Паланка има од оние трокуки, не дај боже бугарите да упаднат, па да може да ги спречиме, такви работи немојте да ни кажувате. Значи, говорам за конкретни работи. Автопатот Велес - Штип ако има пари нека се гради во секое македонско село пат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Кратко потпретседателе, јас само да потсетам ако сите ние и пратеници и граѓани од тој дел на Македонија сме парципиенти и учествуваме во полнењето на Буџетот на Република Македонија преку плаќање на даноци и сите оние давачки кои се потребни за да се полни Буџетот, сметам дека е ред и државата на некој начин да ни врати, барем на овој дел од Македонија. А, се работи за источниот дел на Македонија.

Сега, министерот и министрите, затоа што овој амандман јас го поднесувам веќе 4 година, до сега барем да се започнеше проект за да се види како може да се направи, па нека се прави 2006 година, но досега можеше барем да се започне со некаква иницијатива. Да не ја спомнувам и да не се навраќам пак на информацијата со задолжувањето дадено на Владата. Значи, секој министер за финансии вели дека не сме ние надлежни, обратете се во Фондот за патишта. Во Фондот за патишта викаат ние ги имаме програмите изговено врз основа на методи и одредени правила кои ни ги дава Владата. Е, сега ние на кого да веруваме. Ако не е надлежно Министерството за финансии, не е надлежен Фондот за патишта, па кај кого ние да се обратиме. Сметам дека е во ред пратениците да го изгласаат овој амандман.

Јас затоа и на почетокот, почитуван министре, и почитуван потпредседателе, барав да се пренасочат, всушност да се смени првиот дел и да се даде капиталните расходи во буџетските фондови за да можеме правилно да ги лоцираме средствата. Министерот не се нафати со тоа. Мислам дека нема да смета доколку и вака се преформулира со одлука и истите средства би се прераспределиле таму каде што треба.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 29 за, 7 воздржани, 36 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 3, потпрограма 3Б ставка 488 и на раздел 09002 Програма Д, подпрограма Д8 ставка 486, поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Оваа година за изградба на водоводи во единиците на локалната самоуправа, не оваа, туку наредната година 2006, средствата во Буџетот драстично се зголемени во споредба со минатата година, имајќи впредвид плус дека сме во децентрализација, од тие причини, како и од прични  што средствата се зафаќаат од оној дел од Буџетот каде што е невозможно да се зафатат, амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Како што кажав и господинот министер во овој процес на децентрализација сметаме дека неопходно е потребно една силна подршка од Буџетот на државата, посебно за капиталните инвестиции и за проектите за водоснадбување. Сметаме дека локалните самоуправи немаат доволно средства за да може да ги подржат овие проекти и да завршат.

Неопходно е потребно за граѓаните во локалните самоуправи да бидат подржани овие проекти. Сметаме дека во 2005 година, бидејќи беа издвоени 303 илјади денари за капитални донации на единиците на локални самоуправи, а сега се намалуваат 235 илјади, дека ова што го бараме, износот од 60 илјади денари или 60 милиони, треба да биде прифатен од страна на колегите пратеници. Овој мал дел од финансиски средства, кој што се планира да се стерелизираат во Народна банка на Република Македонија, сметаме дека на тој начин ќе бидат ставени во функција на развојни проекти и на подобрување на животот во единиците во локалните самоуправ.

Од тие причини барам подршка од колегите пратеници.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласење.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 15 за амандманот, 1 воздржан, 47 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма Д, подпрограма Д8 ставка 486, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со овој амандман не се согласил претставникот на Владата на седницата на Комисијата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има  збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандман не се прифаќа. Овој амандман е со драстични последици, доколку се прифати по буџетската рамнотежа во Република Македонија и од тие причини не можеме да го прифатиме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан.Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван потпретседателе, почитуван господине министре, почитувани дами и господа пратеници.

Ова е амандман кој што едногласно е подржан од сите членови на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и би сакал да образложам од кои причини и покрај тоа што, како што вели министерот, предизвикува можеби драстично нарушување на рамнотежата. Од она што преставува образложение ќе произлезе можеби поинаку дека не се нарушува толку Буџетот, туку напротив ќе придонесе за поголеми приходи во Буџетот на Република Македонија.

Во услови кога Светскиот Пазар е либерализиран и  Република Македонија се приклучи кон таа либерализација како 145 членка на СТО на 15 октомври 2002 година во Женева, една од основните причини за она што претставува глобалната светска трговија која што го потиснува значењето на локалните пазари, основно значење има конкурентноста на домашното производство. Република Македонија е мала и отворена економија. Над 80% од својот бруто општествен производ се одвива преку надворешно трговската размена. Од тие причини еден од кучните, би рекол, компоненети на таа надворешно-трговска размена е земјоделството со над 20% или во 2004 година 272 милиони американски долари извозна компоненета, преку податоците на УСЈД и со тоа учествува над 20% од извозот на Република Македонија во една исклучително слаба конкурентска основа од три причини. Македонското производство нема добра конкурентска основа, затоа што има во Република Македонија нефлексибилна даночна политика. Во март 2003 година, ако си спомнувате, ги покачивме сите стапки на данок на ДДВ од 5% за ѓубриво, за репроматеријали, сето она што претставува ветеринарна услуга, сето тоа се оданочува со 18% со повисоката стапка на ДДВ, хроничен недостик на ефтин капитал во земјоделството и на крај укината буџетска подршка. Последната буџетска подршка легитимно, би рекол, донесена во Парламентот на Република Македонија по пат на сунвенционирање на македонското земјоделство беше во 1996 година, и во таа година случајно или не македонското земјоделство покажа во делот на надворешно-трговската размена суфицит од 6.2 милиони долари. Тоа е последното, би рекол, рамнотежено надворешно-трговско работење на Република Македонија  со

светот. Отогаш наваму перманентно се зголемува дебалансот помеѓу увозот и извозот и Република Македонија се повеќе увезува храна и примарни земјоделски производи и прехранбени земјоделси производи во финална верзија, а последниот податок за 2004 година, пак според податоците на УСЈД е дека дефицитот во надворешната трговска размена на земјоделските производи изнесува 172 милиона американски долари. Значи, ние извезуваме 272 милиона американски долари за да увезуваме 444 милиона долари земјоделски производи. Од тие причини нужно е значи, во услови на слаба конкурентност да се запрашаме како е тоа можно, бидејќи министерот рече да не компорираме со Европската унија со осврна во неговото излагање во петокот, ќе компарираме со соседните држави, како е тоа можно сите држави во окружувањето Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора, Бугарија, за Грција да не зборуваме таа е членка на Европката унија, да го помагаат своето земјоделие, да издвојуваат големи пари од нивните Буџетот во делот на Буџетот за земјоделство за ставката трансфер и сунгвенци, а само Република Македонија тоа да не го прави и да не разбира, повторно да не разбира дека тоа е само штета на Македонскиот буџет. Затоа што од година во година сите тие давачки што ги плаќаме за увоз на место над 85 милиона американски долари, за увоз на млеко и млечни преработки над 20 милиони американски долари, за увоз на жито 66 милиони американски долари, за увоз на овошје и зеленчук 45 американски долари, дека на кријот од краиштата сето тоа предизвикува негативни ставки во билансот на тековната сметка на плаќање во биланскот на плаќање од таму е тоа негативно салдо, а од дурга страна тоа предизвикува дестимулација на домашното земјоделско производство кое што во Буџетот на Република Македонија придонесува со над 6 милијарди денари. Во поранешните Буџетот имавме ставки во кое што се гледаше колку е ставката на акцизи од тутун и тутунски преработки, колку е ставката на акцизи од пијалоци и алхохолни напитоци, колку е ставката на данок на додадена вредносот по гранки да видиме, колку е ставката на административните колку е ставката на прелевмани кои што во Буџетот се уплатуваат по основ на заштитна царинска давачка на земјоделски и прехранбени производи кои што влегуваат на територија во Република Македонија. И тогаш ќе видиме дека земјоделците од своите џепови неповратно, оти во најголем дел тие се физички не регистрирани лица, уплатуваат по основ на сите овие давачки кои што ги спомнав, а не им се враќаат над 6 милијарди денари, а Буџетот по она директна основа на помагање на земјоделското, би рекол земјоделскиот сектор во целина со прехранбениот сектор учествува со 1 милијарда 453 милиони денари директно зафаќање на Буџетот, а другите се заеми. Надворешни заеми од по разни основи и тоа во најголем дел за водостопанството. Ако е тоа така тогаш значи, мораме да направиме компарација за да еднаш се увериме дека Република Македонија не може да биде афтархичен економски модел, кој што ќе реши, Владата ќе издвои 8 или 9 милиона евра и со тоа ќе ја завршиме ние буџетската расправа, ќе изгласаме тука против, ќе си помине Буџетот, меѓутоа од година во година се стеснува просторот за, пак ќе кажам, подобри економски резултати во Република Македонија и не се остава простор да се постигнат подобри резултати.

И, ќе почнам со првата компарација, тоа е во глобална компарација колку во 2005 година предвиделе за извозот за директна подршка за земјоделството Македонија, Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора и Бугарија. Македонија предвидува 9 милиона евра, Словенија 215 милиона евра, Хрватска 267 милиона евра, Србија и Црна Гора 164 милиона евра и Бугарија 140 милиона евра. Од овие 4 земји една е членка на Европската унија, една ќе биде членка од 1.1.2007, една е во преговори со дефиниран статус на преговарач, се знае дека се започнати преговорите и една е само после нас т.е. Србија и Црна Гора.

Во однос на земјишната површина Бугарија трипати повеќе го помага земјоделски сектор од Република Македонија, Србија и Црна Гора 4 пати, Хрватска 12 и пол пати, Словенија 20 пати.

А, во однос на населението, во Република Бугарија во делот кој што живее од земјоделство потпаѓа од целокупното население 26,2%, во Хрватска 10%, во Србија и Црна Гора 21,5%, во Македонија 16,8%. Податоци од УСЈД, во период од 1994-2004 година.

Сега пченицата, ќе почнеме по култури. Како другите земји го помагаат својот земјоделски секотр. Хрватска за пченица 220 евра по еден хектар, или се дава на секој што произведува пченица над 3 хектари во државата Хрватска. Во Србија и Црна Гора регрес за нафта 9 денари по едно литро нафта и се дозволуваат 30 литри регрес за 30 литри нафта по еден хектар. И регрес за минерални ѓубрива кои што се дава бесплатно, а се ваќа се плаќа со откуп на пченицата по 8 денари по килограм. Бугарија дава регрес на минерални ѓубрива од 1,5 евро по декар, регрес за нафта по 1 евро по декар, регрес за семе по 2 евра по декар и трошоци за складирање на пченицата доколку не се откупи навреме 0,75 евра по тон месечно. Во делот на лозарството од Европската унија земјите Франција и Шпанија во оваа година 2005 година применуваат кризно дестинирање за вино за кое што не може да се продаде им останува како залиха. Франција 150 милиони литри, тоа е повеќе од колку што Македонија годишно произведува, Македонија произведува годишно околу 120-130 милиони литра, и Шпанија дестилира на терет на државата во резервите во државата 100 милиони литри вино. Хрвадска дава директна поддршка во земјоделски домаќинства 3,800 евра по хектар за нови насади,а дава годишна поддршка 170 евра

по хектар за производство на грозје на постојните насади.

Бугарија дава за нов насад 850 евра по хектар, при што максимум можете да посадите 50 хектари, а од ЦАПАР-Програмот, бугарските земјоделци добиваат 50% не повратни пари. ЦАПАР значи подршка од ЕУ заради структуирање на дел од земјоделството и руралниот развој , добиваат 50% неповратни пари, покрај она што го добиваат како директна подршка. Дури и во делот на овошјето и зеленчукот Хрватска дава 170 евра по хектар за производство на свеж зеленчук и 400 евра по хектар за производство на индустриски зеленчук. Бугарија дава 0,07 лева по кгр, за производство на куртовска капија и 0,02 лева по кгр, за производен патлиџан. ЕУ дава директна подршка по 120 евра по хектар за овошни насади и плус подршка за преработка на праска, круша, домат.

За тутунот, ќе почнам од САД. И покрај тоа што во трендот е акција против пушењето и се намалува, би рекол, она што е комерцијалниот дел на произовдство на тутун, афирмација на таа комерцијална димензија, САД во својата стратегија до 2010 година предвидуваат да го помагаат производството на Берлеј, со директна поддршка, со максимална цена во 2000-та година 2,09 американски долари по кгр,произведен Берлеј и 1,95 американски долари по кгр, произведена Вирџинија. Или ценовната поддршка учествува 48% во цената на купениот тутун по кгр, Берлеј или Вирџинија.

Во 2005 година, во ЕУ се стимулираше од 30 до 45% преку премија за тутун, одкупен тутун во сите членки на ЕУ кои што произведуваат тутун. Во Хрватска во 2005 година е предвидено да се даде 40 денари по кгр, произведен тутун. Во Србија и Црна Гора 40 денари по кгр, произведена Верџинија и во Бугарија преку фондот за тутун се дава премија во висина од 30%од постигната откупна цена на тутун во таа држава. Таму постои фонд за тутун. Ако се сеќавате јас во овој Парламент говорев во декември 2003 година, кога се укина фондот за земјоделство дека првото прашање што ќе ни го постави ЕУ ќе биде зошто немате фонд. Сега ни го поставија тоа прашање. Сега Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство работи на тоа, нема да се вика фонд, ќе се вика Агенција, ама тоа е едно те исто, а три години македонските земјоделци останаа без подршка. Тоа е грешка на парламентарниот состав, не е грешка на Владата. Владата нормално може да предложи било какви мерки.

Во делот на млеко производството за директни плаќања Хрватска применува 4,5 денари по литар произведено кравјо млеко, Бугарија 1,3 денари по литар произведено кравјо млеко, Србија 4 денари по литар по рамничарските делови и 4,40 денари по литар во ритско-планински подрачја.

Заклучок од ова што го изнесов сега укажува зошто е неконкурентно македонското земјоделство. Затоа што, ако гледате дека ние даваме над 22 милиони американски долари за увоз на млеко и млечни производи, кои што во голем дел се увезуваат од Бугарија и од Србија и од Црна Гора, 50% увоз на сирење од Бугарија, а 30% увоз на долготрајно млеко од Србија и Црна Гора, ќе видите дека со вакви премии македонското земјоделие не може да биде конкурентно, во услови кога ние за производство на млеко, за тутун, за овојшје и зеленчук не даваме ништо. Во такви услови нашето млеко од Битолска млекарница, од Тетовска млекарница, од Богданска млекарнициа или од Кумановска млекарница ќе биде секогаш поскапо. Нашиот килограм сирење ќе биде поскапо и ние не само што не ќе можеме да извеземе производи од Република Македонија, туку не ќе можеме да ги продадеме на домашниот пазар, затоа што не го ползуваме правото за воведување компензаторни царини за сите оние производи за кои што Република Македонија трпи штета, а имаме право на тоа како членка на Светската трговска организација ако докажеме дека Хрватска, Србија и Црна Гора, Бугарија, Словенија, го стимулираат своето млеко производство, а го стимулираат редовно. За Словенија не сакам да зборувам, тоа е толку голема субвенција, што ќе излезе дека млекото тука што ни го продаваат е само субвенционирано во таа цена. Се работи за еден момент кој што Република Македонија на два начина им штети на своите граѓани преку државниот апарат.

Прво, не сака да разбере дека секаде во Европа и секаде во опкружувањето, помагањето на земјоделството е аксиом. Тоа не е докажување на економската политика, тоа е аксиом. Ако е така секаде во Европа, така мора да биде и во Македонија и тука не помагаат докажувања, ние сме за пазарна економија, ние сме за ваква економија, за таква економија. Ние нанесуваме директна штета на македонските граѓани по нивниот стандард, по нивната инфра структура, по нивниот развој на селата, руралниот развој и она што претставува земјоделското производство. Штетиме на македонскиот извоз и правиме дефицит во надворешно-трговската размена со земјоделски производи. Тоа е директна штета. Тука државата е главниот арбитар што ја прави таа штета. Тоа мора еднаш да се каже. Тука не можеме да се криеме зад фускулите ние ќе гласаме сега, тоа е економска политика на државата, буџетот е така балансиран. Ама како може така да не разбереме 10 години дека секаде во државите во Европа е поинаку и во САД. Дека само Македонија по тој социјалистички афтартичен модел кој што земјоделието не го почитува го става на страна и не го помага својот земјоделски сектор. Оваа година собвенциите се намалени за близу 415 милиони денари. Тоа е катастрофа можам да ви кажам. Во услови кога сите други земји ќе ги зголемат своите субвенции, во услови кога сеуште не можеме да користиме средства од предпристапните фондови, а тоа ќе кажеме повторно ќе биде во делот на руралниот развој и на земјоделските производи. Не може да биде поинаку. Во Грција најголем дел на пари

доби од ЦАПАР, од тогашните фондови на Делоровиот програм за развој на руралниот развој на земјоделството. Ако Бугарија во главен дел доби ИСПА и од ЦАПАР 90% за транспорт, инфра структура и земјоделски развој така ќе биде и со Македонија. Освен ако ние не измислиме некоја друга формула, да формираме некоја силиконска долине негде во Македонија па да развиваме микрочипови негде тука во Република Македонија. Едноставни ние си ја сечиме гранка на која седиме.

Јас не велам дека постои само земјоделството во Република Македонија, меѓутоа, земјоделството,шумарството и водостопанството во деловите каде што се рурални во Република Македонија се 42% од овој дел кој што се бави со земјоделство, шумарство и водостопанство апсорбира 50% работоспособно активно население. Тоа е огромна бројка. Земјоделството ќе остане со 20% со извозот, учествува со видите и шумите 15% во бруто општествениот производ. Тоа се огромни бројки, и тоа е значителна гранка, и како полупроизводи и репроматеријали дава како суровина за 18 индустриски гранки од 32 колку што ги има по номенклатура на стопанска дејност во Република Македонија.

Од тие причини, ние не смееме така бегло да преминеме, дека со тоа ќе му наштетиме на стабилазициониот фонд. Повторно ќе кажам издвојуваме пари од 100-те милиони евра или 6,6 милијарди 445 милиони денари од буџетот за буџетско управување со пари, кои што се наменети за стабилноста на македонскиот денар. Може ли подобро да се чува стабилноста на македонскиот денар од вложување во земјоделството, кој што преку цената на земјоделските производи ќе можеме да влијаеме директно на трошковната инфлација, директно да влијаеме на трошоците за живот и на стандардот на македонските граѓани. Едноставно, овој концепт на перманентно осиромашување во делот на помагање на земјоделството ќе ни се удри од глава оној момент кога ќе разбереме дека ние нема да имаме и тогаш чуство, јас сум убеден дека е така дека за ова со години се зборува во Македонскиот парламент за оваа тема. Кога 2007 година ќе треба да ги користиме пристапните фондови, затоа што не издвојуваме доволно средства и во делот на руралниот развој и во делот на луѓето кои што треба да бидат обучени во децентрализираниот би рекол, менанџмент за претпристапните фондови, ние нема да можеме квлаитетно да ги искористиме средствата за рурален развој, инфраструктурата и развој на земјоделското производство преку подигање на мали фарми, подигање на интензивно сточарење, подигање на квалитетни пластеници или производство на овошје и зеленчук кои се стимулираат од европските фондови. Ние тогаш нема да имаме шанса, затоа што ние шансата неповратно ја губиме од година во година, однесувајќи се вака ригидно кон земјоделскиот сектор. И повторно ќе кажам дали можат вакви податоци нас да не стресат, дали можат да не убедат дека ние одиме по погрешен пат. Ако така прави една Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора, Бугарија, Грција, ако така прават сите земји, што е тоа што нам тука не ни дозволува да стиснеме копче и да кажеме чекајте, дајте да го следиме патот на тие земји. Зошто ние да бидеме надвор од светот, зошто сите други да прават така, само Македонија да оди по патот на стабилноста. И тоа стабиолност која на крајот на краиштата, се плаќа од грбот на македонските граѓани, од нивните џебови. Конкретно зборувам за земјоделството од причини ја плаќа најмногу, затоа што не се направи ништо земјоделците да бидат регистрирани како трговци поединци, или како земјоделци регистрирани во трговскиоте регистар при подрачните единици на Министерството за земјоделие за да можат да си добијат поврат на данокот. Тие кога ќе платат килограм ѓубре, неповратно им одат 18%. Кога ќе купат нафта неповратно им одат 18%. Кога ќе купат било што неповратно одат 18%, а сега ќе се воведе од 1.01.2006 и плаќање на персонален данок на доход на физичко лице, тој што продава конкретно млеко во Битолска млекарница. Отткога ќе му се признаат 35% одбитоци на тие 65%, или да речеме од 100 илјади денари приход по продадено кравјо млеко во Битолска млекарница на 65 илјади денари ќе му се задржи 15% персонален данок, а при тоа, државата ништо не прави, ниту еден потег да ги регистрира, да направи акција, едукација зошто треба да бидат регистрирани. Да се изврши посети по села, по населени места , во Ресен да им каже зошто не треба да бидат физички производители, туку да бидат регистрирани производители на јаболка и дека ќе им земат 2006 година плус 15% персонален данок на доход. Тоа се страшни давачки почитувани дами и господа пратеници. Тоа веќе не се издржува. На прагот е социјална катастрофа во делот на земјоделството. И онака, вие видовте претходниот амандман, односно пред претходниот кога се дискутираше за пат кој е носечки за земјоделството и таму живеат 300 илјади луѓе, од кои што најмалку 80 илјади луѓе работат земјоделие, радовишко, струмичко, малешевско, кочанско, штипско , ние немаме чувство да поддржиме изградба на единствена патна инфраструктура која што ги пворзува тие граѓани да го продадат својот производ, дали на скопскиот пазар или на пазарите преку Белград во Средна Европа, или во Загреб или Љубљана. Едноставно, ние продолжуваме по тој пат. Тука ќе си го изласаме буџетот, меѓутоа, верувајте ние, кога ќе дојде ситуација, ве убедувам со вакви пари во буџетот ниту ќе формираме добар децентрализиран менанџмент со предпристапни фондови, ниту ќе знаеме какви пилот проекти да направиме. Со тоа Бугарија имаше проблем во првите две години, па потоа се освести, па потоа им текна колку луѓе да вклучат во тие програми да ги направат и дури тогаш ние ќе се соочиме што сме направиле каква пустина има во македонското земјоделие за овие 15 години. Бидејќи ако нешто остана живо што не падна под

1990 година, тоа е земјоделството. Со вакви ригидни мерки, со вакво ригидно однесување по нив по однос на помошта што мораа да ја добијат, јас велам мора, за што сите прават така во Европа. Јас сум поборник за тоа ако сите прават така во Европа, така треба да прави и Република Македонија. Впрочем, затоа одиме во ЕУ. Инаку ќе одевме со Иран, со Ирак, со некоја друга земја. Меѓутоа, одиме во ЕУ затоа што треба да го помогнеме македонското земјоделие, затоа што ЕУ како систем го помага своето земјоделие.

Од тие причини, сметам дека амандманот е разумен. Многу разумен е амандманот и се бориме да ги добиеме како држава тие пари што како право од Светската трговска организација.

И уште еднаш да се разбереме. Само Светската трговска организација има право да одреди која национална економија со колку пари може да помага одредено производство, дали е тоа текстил, дали е металургија и тоа да не ви биде замерено во ниту една друга меѓународна асоцијација. Ние во Светската трговска организација не се изобивме, за џабе преговаравме 8 години да добиеме 33 милиони евра подршка за земјоделството. 17 милиони евра да добиеме на директни плаќања и 17 милиони евра во делот на зелените мерки. По единица хектар, по единица грло, рурален развој и сл. Ние тоа право го имаме. Ако сме се избориле за тоа право, ако преговарала една политичка влада, друга политичка влада, сега сме членка на Светската трговска организација, а не си го почитуваме правото, си го одземамее самите себе тоа право, под образложение дека треба да имаме рамнотежен буџет, тогаш, едноставно се поставува прашањето каква корист има Република Македонија од тоа што е членка на Светската трговска организација, во услови кога другите производи кои што идат од Србија и Црна Гора, од Бугарија, од Словенија, од Хрватска се силно стимулирани, силно субвенционирани, со извозни рефундации поткрепени, тогаш што добива Република Македонија во тој дел што не го помага, што е членка на светската трговска организација, а не применува ниту една одредба, ниту пак си го ползува правото што и следи на Република Македонија да го помага своето земјоделско производство. Значи од тие причини јас ги барам овие средства. Не оти така сум измислил нешто, или сум напишал туку така милијарда и петстотини и не за тоа Комисијата ме подржа. Ме подржа, затоа што на Комисија образložив дека тоа ни е право што како држава го имаме. Тоа никој не може да ни го оспори ни ММФ, ни Светска банка ни во било какви преговори. Н ие имаме право да си ја помагаме Република Македонија во трговија во светот со тие пари, за тоа производство за земјоделството. И тоа треба да си го почитуваме. Тоа е наш труд, наш минат труд и ние мора тоа да си го оствариме. И на крајот на краиштата, со издвоени 25 милиони евра не се нарушува стабилноста на македонскиот денар. Се работи за следново. Ниту пак ќе се наруши стабилноста на македонскиот денар ако буџетскиот дефицит биде 1,3 или 1,5 од бруто општествениот производ. И тоа е мал дефицит во однос на европските земји оваа година кои што си го проектираа. Се работи за следното: Дали ние сакаме да разбереме што е потреба на граѓаните, Но ова ако го пропуили повторно ќе си одиме по модел кој што се грижи само за она што претставува цел, стратегија, политика на државната администрација. Затоа велам да изгласаме она што претставува потреба на граѓаните. Тоа што е проектирано дека треба да се издвојат 6 милијарди 445 милиони денари во стабилизационен фонд при Народната банка, тоа може да биде зголемено со дознаки уплатени, може да биде реализирано по пат на поголем распон од она што претставува извоз во однос на увозот, намалување на трговскиот дефицит, подобро работење во делот на продуктивноста , економичноста, сето тоа е можно да се реализира. Но ова ако го пропуштиме сега нема да можеме да им помогнеме на македонските земјоделци во 2006 година, и од тие причини ве замолувам да го подржите овој амандман затоа што 2007 година ќе биде доцна , тогаш ќе бидеме под друг режим, под друг мониторинг при користење на пред пристапните фондови и ќе ја немаме оваа шанса при постоење на наша агенција, или наш фонд, или наша дирекција, при постоење на можност за директно помагање од буџетот да си оствариме тоа право што Европа и светот ни го дале. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, господине минстре, почитувани колеги пратеници,

Се јавив за збор за да го подржам овој амандман, да укажам на некои аспекти на кои треба да се сетиме потоа, ако случајно не го изгласаме овој амандман.

По мое мислење, амандманот сам по себе е многу убедлив, а излагањето на претседателот на Комисијата за земјоделство, господинот Марјан Ѓорчев даде дефинитивно размислување зошто овој амандман безалтернативно ние треба да го подржиме. Тоа што ни се нам признати права од Светската трговска организација да го помагаме систематски земјоделството со финансиски мерки од државата, тоа е заради тоа што се покажа во капитализмот дека тие мерки се неопходни и дека станува збор за една многу длабока структурна појава која ако не се тие мерки може големи структурни удари на општеството да нанесат и на економијата. Обемот на средствата што имаме право да го употребиме за оваа цел, во разговорите со Светската трговска организација се одмерени, одкако сме ги убедиле за значењето на земјоделството во нашата економска и социјална структура и за практичните последици ако не ги употребуваме тие мерки што ќе настапат не само за платниот биланс на земјата, туку и за вработеноста во земјата, социјални последици

кои ќе настапат и трајни долгорочни последици, па дури и демографски.

Се работи за тоа, ако ние не го помагаме домашното земјоделство.

Како што објасни овде и господинот Ѓорчев, ќе биде навистина неисплатливо домашното земјоделство и целиот сет на домаќинства каде земјоделското производство им претставува главен извор за егзистенција, ќе биде доведен на работ на социјална беда и ќе го напуштат производството, па ќе воведеме една цела категорија нова, како стечајни земјоделци и социјални слуаи во село. Ако тоа примарно производство ние не го помагаме, производството како што го објаснуваше сега господинот Ѓорчев, да не навлегувам јас бидејѓи тоа ќе биде многу широко, верувајте ќе бидат погоени многу од преработувачките капацитети. Тие ќе бидат ориентирани на увоз на млеко, па и на зеленчук и на сите други производи, брашно и др. Ќе дојде до нови поместувања во платниот биланс, но ако тоа не можат да го направат и да конкурираат на таков начин на странците, тие ќе почнат постепено да ги затвораат своите погони.

Укажувам на овој поширок контекст на значењето, дека нашето земјоделство може, година, две или три да издржи вакви удари, комплетно запоставување, но не може трајно како ориентација. А таа ориентација на напуштање на помошта на земјоделството од страна на државата на враќање на дел од тоа што истото го дава, всушност е се поостро, се позразено и затоа оваа расправа денес треба навистина да не освести и ние навистина треба овој амандман да го усвоиме. Јас ги знам тешкотиите на изработувачите на Буџетот, веднаш се поставува елемент на нерамнотежа и што треба да се зголеми сега на приходната страна, да се зголеми дефицитот или не знам што, но во нашиот начин на изработка за кој правилно рече министерот дека со закон е регулиран, ама законот не е добар, ние мораме денес да кажеме дека во некои исклучителни работи кои се познати во Европската унија, самите ќе почнеме да ги применуваме и тоа што станавме кандидат за членство во Европската унија ни значи нешто и ќе го материјализираме, односно ќе го покажеме и во нашиот Буџет. Инаку ќе останеме навистина во една состојба на немоќ, особено на селото, но и на преработувачите капацитети понатаму.

Се разбира, ќе гласаме за овој амандман.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Господине Шакири, повелете, имате збор.

**Хисни Шакири:** Ви благодарам господин претседател.

Мислам дека за овој аманаман треба сите да се ангажираме да помине и да биде прифатен во Парламентот со единствена цел. Имено, сите знаеме дека е се работи за интерес на еден пратеник или на една област од каде што доаѓа пратеникот туку тоа е опШт интерес на сите граѓани на Република Македонија на оној дел што се занимава со земјоделство, меѓутоа, и на оној дел што не се занимава со земјоделство, затоа што сето тоа е во рамките на животот и во рамките на сето она што се поврзува со многу прашања. Сето тоа, зависи од земјоделските производи ;и од тоа до кое ниво сме постигнале тие производи да ги имама и од кој квалитет да бидат. Знаеме дека после падот на еднопартискиот систем односно на социјализмот овде се направени многу малку чекори во правец на измена на состојбата на земјоделскиот производител, а зошто да не кажам дека во одредени моменти и земјоделството останало толку назад штои самите не знаеме тоа да го изразиме со зборови. Земјоделците, сепак се занимавале со таа дејност и ја чувствувале оваа состојба.

Амандманот на господинот Ѓорчев е амандман кој што треба не само да се поддржи туку треба марман Ѓорчерв како пратеник на ова Собрание, кој што се ангажира во насока на подобрување на состојбата во земјоделскиот сектор, мислам дека треба да се поздрави не само за оваа иницијатива туку и за многу други иницијативи што ги презема и е време кога не треба да се двоумиме, не треба да има проблеми, тоа да го прифатиме. Јас знам дека на министерот можеби му е тешко да го прифати ова како барање и како амандман, доколку истиот помине знам дека ќе му биде тешко да направи уште една повторна контрола и да изнајде место каде тој дел или тој износ на пари ќе треба да се измени, меѓутоа, време е еднаш засекогаш да направиме едно придвижување во правец на она што е општ интерес на сите граѓани, во правец на она што претставуваат први чекори во економскиот развој, а економскиот развој кај нас треба да се гледа во земјоделството.

Затоа, би ве замолил, иако не сум предлагач на амандманот, меѓутоа констатирам дека сите граѓани во Македонија тоа го сакаат, во оваа насока да посветиме внимание и што се однесува на ова прашање, да дискутираме на професионален начин за тоа. Дискутирајќи на професионален начин и имајќи еден сериозен пристап, мислам дека ќе ја надминеме и оваа работа и ќе го изгласаме амандманот, затоа што доколку не направиме измени во 2006 година, што се однесува на развојот на земјодеството, мислам дека самите ја уништуваме државата, самите сме оние кои претставуваат пречка за еден економски развој кој колку и да е за почетокот мал, во перспектива претставува една здрава основа .

На крајот, да не ви одземам многу време, уште еднаш имам желба сите пратеници да гласаат, не од партиска позиција туку од позиција на претставници на граѓаните и овој амандман да го поддржат. Време е еднаш засекогаш да се растовариме од политичките диктати на партиите, бидејќи прифаќајќи ги секогаш политичките

диктати на партиите сме ја донеле екононмската состојба во катастрофална состојба, а токму земјоделството до сега имало несоодветен третман и третман по заслуга во Македонија.

Јас ќе гласам за овој амандман и мислам дека овој амандман треба да биде поддржан. Благодарам.

**Љупчо јордановски:** Благодарам господине Шакири.

Повелете господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги, јас ќе се потрудам да помогнам во во моето произнесување, односно во одлуката која ќе се донесе во врска со амандманот кој го предлага претседателот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Марјан Ѓорчев. Ова не го правам само колку да се рече или колку да кажам три-четири реченици, но убедувањата ги градиме врз основа на аргументи и факти. Доколку аргументите и фактите кои ги искажа предлагачот на амандманот, за да се помогне земјоделството, односно да се интервенира со погрешни проекти кои се направени за овој Буџет, во врска со финансиската помош што треба да се даде на земјоделството во Република Македонија, тогаш треба и вака да одлучиме, бидејќи сите аргументи кои ги слушнавме денес се аргументи за кои навистина треба да расправаме серионо и тиа кои имаат против аргументи треба да ги кажат овде јавно. На крајот на краиштата, треба и пред нас како пратеници да ги каже и министерот како предлагач, односно како учесник од страна на Владата. Доколку нема протв аргументи, и нема дополнителни образложенија зошто не се поддржува односно не се прифаќа овој амандман од страна на Владата, тогаш јас треба да излезам со еден заклучок дека односнот на Владата односно на предлагачот на Буџетот, во однос на еден дел од населението, и тоа рурално, што обично го именуваме како земјоделсто и земјоделци, луѓе кои се занимавааат со сточарство, тогаш се поставува прашањето дали смееме да бидеме толку каприциозни и да се однесувањме со неодговорен однос во однос на овие граѓани кога е во прашање финансирањето или доделугањето на делот кој им припаѓа од буџетот на овие граѓани. Доколку овде се даде аргумент дека ние доделуваме, односно во Буџетот Владата има предвидено 9 милиони евра, една држава како што е Словенија каде врз основа на климатските услови и географската положба што ја има, но и теренот и сето тоа што значат услови за земјоделство, не е како Македонија со поволна клима, за земјоделство доделува 240 милиони евра, тогаш се поставува прашањето каде е проблемот. Тоа што го слушнавме овие денови од многу стручњаци, од многу луѓе кои знаат како се проектира Буџетот, но истовремено и знаат каков е потенцијалот и капацитетот на Македонија во областа на земјоделството, ние повторно не реагираме ниту како Влада, дури не сме подготвени да дадеме образложенија со против аргументи. Јас навистина сум во една состојба кога си поставувам прашање самиот себе си кој со кого овде води инает, или кој на кого му продава памет.

Во сите овие наши судири опозиција-позиција ќе претрпи толку многу и толку лошо македонското земјоделство, а со ова и развојот на Македонија во една соосдветна стапка, па дури да дојдеме во состојба државата кои лобирале најмногу за нас за добивање статус земја кандидат за членство во Европсата унија, пред неколку дена слушнав еден претставник од Словенија, кој во своето произнесување откако видел колку доделивме средства за земјоделството, со иронија се смееше дека ова може да и се случи само на Македонија. Кога имаме една ваква состојба, некој треба да даде дополнителни образложенија или до крај да го обелодени тоа што значи концепт на овој Буџет и зошто не се прави нешто повеќе во огласта на земјоделството. Ова наше однесување е нетолерантно. На земјодекците не им даваме алтернативни и други можности, освен со помошта од Буџетот. Вие сте известени колеги пратеници дека са вас ова важи малку повеќе. дека недвижниот имот на земјоделците кои живеат во руралниот дел на Македонија не може да се стави по хипотека. Тие не се во ниедна кредитна линија опфатени за да можат да го развиваат земјоделството од индивидуален аспект, односно и тие да најдат начин за развој. Други алтернативи не постојат. Со Буџетот не се помагаат овие граѓани и тогаш се поставува прашањето до кога ова наше однесување ќе биде вакво. Некој ќе каж, ова го зборуваме ние пратениците од опозицијата, ова е демагогија. На крајот на краиштата, можете да кажете и вака. Јас овде гледам дека најмногу губи Владата, зошто не изнајде средства за земјоделството, односно во рамките на можностите оставајќи други раздели на други министерства во други облици на поделба на финансиите односно распределбата на Буџетот како што е проектиран. И ова е една состојба која навистина не прави да бидеме малку погласни и затоа не дека го поддржуваме овој амандман, дури и јас лично мислам дека со овој амандман вака како што е поднесен во рамките на можностите и една скромност на колегата Марјан Ѓорчев, повторно не се доволни за граѓаните кои се занимаваат со земјоделство, односно не се исполнуваат интересите во областа на земјоделството. Затоа, и овде треба да дојде до израз сето тоа. Доколку го гласаме овој амандман, знам дека ќе има зборови од парламентарното мнозинство и други и може да се каже дека се наруши концептот на Буџетот. Но нека се наруши концептот, меѓутоа, нека се уреди тоа што е позначајно во Македонија, а во овој случај мислам дека тоа е земјоделството, што со сите капацитети и потенцијали е многу атрактивно за Македонија. Слушаме колку е атрактивно за една Европска унија кон која се стремиме и сакаме да се зачлениме во Европската унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски имате збор.

**Илија Србиновски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, како член на оваа Комисија, јас лично ќе го поддржам овој амандман бидејќи сум член на Комисијата, а и како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, целата парламентарна група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој амандман. Претходно господинот Ѓорчев најави и даде добро соопштение, кажа во неговата изјава колку е важно и значајно земјоделието во Република Македонија и на кој начин и како треба да се поткрепи, тој изнесе сосема соодветни бројки за соодносот со другите соседи на Република Македонија, колку тие го помагаат земјоделието во своите држави, а ние учествуваме само со 1% во земјоделството, а за мене тоа е нула. Ние не сакаме да ги поддржиме стратешките култури, земјоделските култури во Република Македонија, како што се пченицата, тутунот, шекерната репка, грозјето, сточарството и тн. Само би кажал ако продолжиме вака како Република Македонија, со оваа Влада, што настана еден голем хаос во нашето земјоделство, мислам дека за четири-пет години ќе немаме ни овци во Република Македонија, мислам овците од сточарството ќе ги немаме, ќе можат да се видат само во Зоолошката градина или еден ден ќе ги немаме површините на пример на пченица. Со овој контекст вака со 7 денари заштитна цена за пченицата, односно не е заштитна цена, не дава државата, и пченицата ќе ја изгубиме еден ден, а еден ден ќе ја купуваме пченицата и по цена од 15 денари од другите држави, затоа што не ќе може да издржат, постојано да бидат тие климатски услови добри, па да имаат добро производство, па ние да ја купиме по поефтина цена. Сакам да кажам тутунот за овие две-три години се намалува, од 30 илјади тони тутун кој го произведуваше Република Македонија доаѓаме на 15 илјади тони производство, што значи имаме огромен извоз и големо побарување на девизни средства од ова производство, меѓутоа штом оди со еден ваков тренд, мислам дека ќе се намали и производството на тутунот. Исто така и млекопроизводството, и сите овие стратешки култури што ги кажав. Затоа, овој амандман го поддржуваме ние како пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ и како член на Комисијата го поддржувам овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Краљевски, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Каков Буџет ќе се проектира за одредена стопанска гранка во случајов земјоделие, секако дека во голема мера зависи од способноста на ресорниот министер и од неговото знаење и умеење да ја убеди најпрво Владата, потоа министерот за финансии и сите нас во потребата од одреден квантитет на средства во Буџетот за земјоделие. Меѓутоа јас верувам и поголем дел од колегите пратеници наполно сме свесни како да отсуствува таков министер во ресорот земјоделие.

Имам впечаток како Министерството за земјоделие да ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски зборувајте за амандманот не за Министерството за земјоделие.

**Чедомир Краљевски:** За амандманот зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот бара одредени средства да се префрлат, не зборува за Министерството за земјоделие, ве молам.

**Чедомир Краљевски:** И порано беше спомнато, а и сега ќе го кажам истото. И кога беше поставено прашањето за доверба на Владата дека Министерството за земјоделие функционира на некаков стихиен начин, без одредена визија, без одредена стратегија и од тие причини сметам дека и министерот за финансии не ја земал во предвид реалната потреба за поддршка на земјоделието во овој Буџет.

Аргументите што до сега ги кажаа предлагачите на овој амандман односно Комисијата за земјоделие и нејзиниот претседател Марјан Ѓорчев, како и другите дискутанти претходно се доволни да ме убедат и мене, а верувам и парламентарното мнозинство да дадеме пдодршка на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Џелили имате збор.

**Зиди Џелили:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека овој амандман има големо значење и тежина за моменталната промена на земјоделците. Овој Буџет, иако парите не се незнам колку сепак би значело еден интерес покажан од страна на Владата. Имаме готовност да ја измениме актуелната состојба на земјоделците.

Ни случајно и во рамките на Комисијата за земјоделство, беше подржан овој амандман. Се разбира Комисијата за земјоделство е составена од сите политички структури и таму имаше подршка од страна на сите пратеници независно од кој и каков субјект доаѓаат. Нашиот ангажман на Комисијата беше во насока на подршка на овој амандман. Се надевам дека и другите пратеници ќе имаат ваква готовност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, повелете.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе.

За овој амандман се кажа многу, а јас накратко ќе кажам дека е добро, по дискусиите на пратениците се гледа дека ќе се подржи амандманот, посебно како што кажав и за претходниот амандман, овој амандман доаѓа од Комисијата за земјоделие и е подржан едногласно. Тоа покажува дека има тежина амандманот и е многу важен за Република Македонија.

Инаку, самио тамандман е во насока на нашата политика односно приближувањето кон

Европската унија, а и едноставно да го оправдаме кандидатскиот статус што го добивме за Европската унија, бидејки ова е една од главните политики на Европската унија, помагање на земјоделието односно издвојување што повеќе пари за земјоделието. Всушност тоа беше спомнато и од претставникот на Република Словенија која е членка на Европската унија, тоа постојано можеме да го чуеме од македонската експертска јавност дека малку пари се за земјоделието. Факт е дека со овој амандман ќе ја исправиме грешката што е направена во Буџетот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавено други за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника од кои 33 за, 4 воздржани 25 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3 потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Има неколку амандмани за истата Програма поднесена од различни пратеници со различни суми, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува за земјоделието, за трансфер во земјоделието со тоа што немам што повеќе да кажам, бидејки беше кажано во расправата по претходниот амандман. Различен е само износот на средствата кои што ги предлагам со овој амандман, а причините се исти, оние кои што се наведени во претходната расправа. Значи ако гласањето по претходниот амандман немаше доволен број пратеници, или некој сеуште не се премислил, еве можност на овој амандман да ја исправи грешката, претходниот амандман имаше 33 гласа за, па така барем овој да го усвоиме и нешто да се постигне во земјоделието за подобрување на состојбата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат.

Бидејки се 66 пратеници присутни амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

69 пратеници гласале, од кои 22 за, 2 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3 потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма Д потпрограма Д8 ставка 486 поднесен од пратениците Илија Китаноски, Силвана Бонева и Илија Србиноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Тоа е истиот амандман поднесен од различни пратеници и амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Србиноски, имате збор.

**Илија Србиноски:** Благодарам почитуван претседателе.

Пред малку се изненадив бидјеки еден сличен амандман имаше поднесено од Комисијата за земјоделие, во таа Комисија членуваат повеќе политички партии и на Комисијата се подржа тој амандман, па сега сум деморализан малку за овој амандман, а изненаден ќе бидам ако помине од минситерот за финансии. Мислам дека ќе најде доблест, овие се помали средства од претходниот амандман, меѓутоа можеби ќе најде доблест министерот. ќе свати еден ден дека земјоделието е главен фактор во Република Македонија, па со моето образложение мислам дека ќе го прифати.

Амандманот се поднесува заради тоа што земјоделството е значајна дејност која што создава околу 12% од бруто домашниот производ, а во неа активно се вклучени околу 100 илјади луѓе, активни лица, што по индустријата апсорбира најголем дел од работната сила.

Од друга страна предвидената сума е далеку под дозволениот лимит на субвенциите во земјоделството во Република Македонија од 16,3 милиони евра, а кои произлегуваат од обврските кон Светската трговска организација. Исто така со овој амандман ќе му помогнеме на премиерот Бучковски да го исполни ветувањето кое јавно го даде во Стопанската комора само пред еден месец и рече дека идната година земјоделството ќе се помогне со максимално дозволената сума на субвенции.

Нашата пратеничка група ваквиот став го образложува бидејки со самата кандидатура за влез во Европската унија издвоената сума на пари е сосема мала. Имено, со ваков Буџет не е возможно во текот на 2006 година да се дадат европските закони, стандарди и нормативи во областа на земјоделието со што би било овозможено за побрзо прилагодување на нашето

земјоделие во заедничка земјоделска аграрна политика.

Го даваме ваквиот предлог бидјеки ако математички се израчуна само 0,8% од предвидената сума пари за развој, што е многу малку во однос на 37% од нивниот Буџет во Европа сосема е логично нашето барање, бидејки најголем дел од препораките се однесуваат на реформи и стабилизирање на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Јас лично како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ сметам дека и оваа сума е мала бидејќи на нашето земјоделие му требаат реформи, му требаат развојни програми и активна примена на европските закони, нормативи и стандарди, кое што нема да биде ниту малку лесно, ниту пак брзо. Со поголема сума на пари барем целта во аграрот донекаде ќе ја поставиме во прав правец и ќе можеме нашиот аграр да го насочиме во прав правец.

Сакам да ве убедам и вас како пратеници од позицијата да го прифатите нашиот амандман. Со тоа ќе дадете голем допринос на развој на основната стопанска гранка, за која што најмногу се интересира и Европската унија.

Освен тоа предложениот Буџет за 2006 година претставува копија на реализираниот Буџет за 2005 година и не нуди ништо ново во развојот на нова техника и технологија во земјоделието, или пак негово прилагодување кон современата аграрна политика. Ако веќе знаеме што се случи во 2005 година јас како пратеник апелирам до вас и во името на пратеничката група на сите, од позиција и опозиција да го прифатиме нашиот амандман со што ќе му помогнеме на нашето земјоделско производство во цела Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Бидејќи не чувме образложение од минситерот зошто оваа година се предвидува намалување односно се прави намалување на Буџетот на земјоделците ќе се обидам да укажам барем на парламентарното мнозинство дека не само што не треба да се намалува, туку треба неколку пати повеќе да се зголемат средствата кои што се неопходно потребни за подршка на земјоделството во Република Македонија.

Минатата година за земјоделството се оделија 8,8 милиони евра. Тој износ видовме дека не е доволен за нормално функционирање не само на земјоделското производство, едноставно за подршка на земјоделскиот сектор за да можат да преживеат луѓето кои што се занимаваат со оваа дејнсот.

Од друга страна видовме дека се случи намалување на производството скоро во сите сектори од областа на земјоделството.

Сметам дека износот кој што се предвидува сега од 8,8 милиони евра се намалува на 6,8 милиони евра е смешен износ, бидејќи како што беше укажано сите земји,не само членки на Европската унија, туку сите земји од нашето опкружување водат сериозна грижа за своето земјоделско производство.

Мислам дека почитуван претседателе зборувам за една многу сериозна тема, тема која тангира скоро 40% од населението во државата и сигурно заслужуваме почит едни кон други, или кон луѓето кои што денес не слушаат и кои што гледаат шанса дека овој Парламент ќе додели нешто повеќе средства на земјоделието за да можат овие луѓе да живеат еден пристоен живот.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева јас внимателно ве слушам. Другите не можам да ги натерам да имаат соодветен респект. Повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Оваа сума која што се предвидува сега во Буџетот на Република Македонија,како што има пресметано Сојузот на земјоделците ако се подели на 185 илјади земјоделски семејства во државата излегува по 33 евра подршка од државата за секое семејство кое што се занимава со земјоделство.

Значи, оваа сума од 33 евра е навистина не недоволна, туку смешна да кажеме дека државата прави некои напори за подршка на сопственото земјоделско производство.

Мислам дека треба претставниците на Владата, министерот за финансии на чело со премиерот многу почесто да ги посетуваат селата во нашата држава, да одат меѓу земјоделците за да ја слушнат нивната мака, за да слушнат што се случува овие последни три години, и претходните години не беа нешто подобри, меѓутоа овие се катастрофални години за земјоделското производство. Нема село во Република Македонија каде што се влегува да не се поплачат граѓаните на негрижата на Владата за земјоделието. Едноставно луѓето се чувствуваат дека воопшто никој не води грижа за нив и дека се оставени самите на себе. Од нив се бара само да ги плаќаат давачките, постојано се товарат со поголеми и поголеми даноци, меѓутоа за возврат не добиваат ништо. Еден од основните приговори на земјоделските производители, скоро во сите села во Македонија во последните 4 месеци имам поминато преку 40 села и сите едногласно како приоритет го ставаат големиот ДДВ, кој што овде парламентарното мнозинство го изгласа, а со тоа репроматеријалтие за земјоделството се зголемени. Земјоделските производи велат дека една вреќа ѓубре од 400 деанри отиде на 1000 денари. Да не зборуваме за другите трошоци. Сега оваа Влада предвидува една нова давачка, значи малку беше тоа досега, сега повторно уште една нова давачка се предвидува, тоа е персоналниот данок на доход, кој што повторно ќе се зема од земјоделците. Јас не знам од што ќе им земаат. Дали воопшто минситерот, дали воопшто Владата знае дека најголем дел од

земјоделското производство не е откупено, или пак е откупено, а не се дадени пари на земјоделците. Беа уценувани производителите на грозје да го дадат грозјето онаму каде што го дале претходната година ако сакаат да ги добијат парите за претходната година. Значи не само што оваа година немаат добиено пари од грозјето, туку и од минатата година сеуште не им се исплатени парите за грозјето. Па, од што ќе плаќаат, од што ќе дадат пари за новото производство, од што ќе плаќаат и нов данок што оваа Влада го предвидува за земјоделските производители од 1.1.2006 година.

Друго барање на земјоделсктие производители, сум обврзана почитувани колешки и колеги нешто повеќе да зборувам бидејки тоа е порака до сите колеги пратеници, до министерот, до Владата на Република Македонија многу сериозно да размислат, најголем дел од површините ни останаа неизорани затоа што луѓето земаат пари да платат за нафтата. Нема од што да платат. Немаат земено ништо оваа година и нема со што да дадат пари за да можат да купат нафта и да ги изораат земјоделските површини. Што сакаме ние да направиме од нашите земјоделци. Дали сакаме да направиме социјални случаи. Дали повторно Буџетот на државата во делот за социјални трансфери треба да го товариме само заради тоа што луѓето немаат пари да ја изораат земјата и треба да ни стојат земјоделските површини необработени. Навистина јас незнам каква е таа политика на Владата кога од највредите луѓе во државата сакаме да направиме неработници заради тоа што нема со што да работата, нема што да вложуваат веќе. Земјоделците велат "се што имавме ставено на страна потрошивем". Сега веќе нема од каде да земаме.

Не им се даваат кредити и се уценуваат дека само оние кои што имаат имот во град само тие можат да земат кредити и тогаш со што да ја посеат земјата, со што да изораат. Тоа се многу сериозни проблеми.

После нафтата, едно од прашањата кои што ги испраќаат до оваа Влада тоа се субвенциите кои што постојано им се ветуваат, а никако да стигнат до нив. Имавме ветувања дури на премиерот дека ќе добијат по два денари производителите на грозје, по 1 денар оние кои што произведуваат пченица, меѓутоа, ништо не се случи од тоа. Значи, само лажни ветувања. Луѓето се уште очекуваат барем со овој буџет за идната година да се предвиди некој денар, за да можат да преживеат со нивните семејства.

Беше кажано дека сите земји кои што не опкружуват си го помагаат сопственото земјоделско производство. Оттаму и нивните производи кои што доаѓаат на пазарите во Република Македонија се поефтини, отколку нашите и нашите не можеа да конкурираат на сопствениот пазар, а камоли пак надвор од државата. Државата многу сериозно тука треба да води грижа да овозможи конкурентни да бидат земјоделските производи и да не стојат во амбарите пченицата, грозјето, сите други земјоделски производи да бидат конкурентни и да има со што луѓето да живеат и нивната мака да има нормално на крајот резултат и тие да имаат средства за да преживеат нивните фамилии.

Што да кажеме за сточарите. Сточарите се соочуваат со огромни проблеми. Исто и кај нив едно од основните барања е да се намалат производните трошоци. Тоа што го зборуваат производителите на земјоделски култури, тоа го зборуваат и сточарите. Од негрижата на државата се дојде до таму да се намали одгледувањето на добитокот и со тоа девизниот прилив на Република Македонија , бидејќи извозот на јагниња веќе не е тоа што беше пред неколку години. Најголем дел од сточарите велат дека понатаму не можат повеќе да одгледуваат живина и стока, бидејќи нема со што да ги прехранат и производните трошоци се поголеми, отколку она што го добиваат како компензација кога ќе ги продадат на пазар.

Исто така, би сакала да ги спомнам и очекувањата на земјоделците дека во моментов кога Република Македонија има кандидатски статус, пораката од земјоделците кои што во неделата заедно со нас се радуваа дека конечно Република Македонија го доби кандидатскиот статус, меѓутоа истовремено таа ноќ, бидејќи имав три трибини во три села од општина Босилово, пораката беше дека. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, вклучувам за да те опоменам, а нема потреба од првиот ред пратениците да зборуваат. Јавете се и реплицирајте.

Госпоѓо Бонева, немаме расправа за земјоделство и сточарство, туку имаме за амандманот. Јас ви дозволив 10 минути кои беа доволно за 3 дигресии. Затоа, ве молам поминете на амандманот или завршете со вашата дискусија.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе, јас ништо друго не зборувам, туку за амандманот бидејќи бараме пари за поддршка на земјоделството. Значи, зборувам за тоа што е напишано во амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Вие зборувате за вашите посети партиски по разни села. Ве молам, госпоѓо Бонева ако сакаме да бидеме коректни 10 минути зборувате за тоа. Кажете ми како амандманот со тие пари што треба да се префрлат, ќе помогнат.

**Силвана Бонева:** Па, тоа го зборувам господине претседателе. Зборуваме за помошта која што ја очекуваат земјоделците. Ние пратениците во ова Собрание сме за тоа да ја пренесеме волјата на граѓаните кои што не бирале. А, волјата на земјоделците во цела 4-та изборна единица од каде што јас доаѓам е таа, да се намали ДДВ, да им се дадат субвенции, значи повеќе помош од страна на државата.

**Љупчо Јордановски:** Во амандманот не станува збор за ДДВ и за субвенции, туку во амандманот станува збор за префрлување одредени средства.

**Силвана Бонева:** Точно така.

**Љупчо Јордановски:** Па и законите за тоа се, госпоѓо Бонева, ве молам да не дискутираме понатаму.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, ако не е зголемено ДДВ и ако сега не се предвидува персонален данок, значи дополнителни давачки, тогаш земјоделците нема да имаат можеби толку големи проблеми, па да бараат субвенции од државата и помошти. Значи, само се товарат, а од друга страна државата ништо не им враќа назад дури нема повраќање ниту на ДДВ, како што се повраќаат на другите стопански субјекти. Тоа се нивните укажувања. Нивните укажувања се дека конечно кога веќе го имаме кандидатскиот статус, белким Министерството, белким Владата ќе сфати дека, ако сакаме да бидеме членка на Европска унија, треба така и да се однесуваме и европски да гледаме и на нашето земјоделско производство. Како земјите на Европска унија си го поддржуваат своето производство, така и Република Македонија треба да си го поддржува своето земјоделско производство. Тоа е тоа што сакав да ви го кажам цело време. Тоа е пораката од сите земјоделци и тоа е барањето, кое што ние со овој амандман го доставуваме и до Владата и до парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници.

Се јавив за збор за да ја изразам нашата поддршка на овој амандман и на излагањата на господинот Србиновски и на госпоѓата Бонева.

Овој амандман дава можност делумно да се корегира политиката која е содржана во буџетот кон земјоделството. Таа политика сакале или не, било да е свесно или несвесно, се дошло до неа, таа води и до натамошно осиромашување на земјоделците, како еден важен субсоцијален дел кај нас, до осиромашување на државата. Тоа ќе биде нејзиниот резултат.

Затоа, мислам дека овој амандман треба да го усвоиме, делумно да се корегира таа политика, за да можат да се намалат последиците кои ќе настапат, а кои фактички, како што реков, од добри домаќини земјоделци, ќе произведат земјоделец технолошки вишок и земјоделец социјален случај, наместо да дава основа целото општество да се развива врз база на неговото натамошно производство.

Затоа ние ќе гласаме за овој амандман и очекувам мнозинството од пратениците од пратеничките групи овде сите пратенички групи да гласаат за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема пријавено повеќе за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни во салата, 59 гласале, 17 гласале за амандманот, нема воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14 001 програма 3, под програма 32, ставка 464 и на раздел 04002 Програма 1, под програма 10 ставка 425, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа, затоа што за проектот за развој на југоисточните рурални региони во Република Македонија, средствата кои се во буџетот со 3,5 милиони денари не се средства кои се за развојот на овие рурални региони, туку се само за поддршка на кредитот и на донациите кои ги има обезбедено Република Македонија. И, ако видите во буџетот тие изнесуваат 142,6 милиони денари и овој проект се финансира од Светската банка со кредит на Република Македонија, а нашето учество е само учеството кое е согласно со условите на кредитот, што значи нема потреба да се зголемува и се финансира од сосема други извори и тоа во буџетот е видливо. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 57 гласале, 12 за амандманот, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14 001 Програма 4, подпрограма 40, ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии,

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Во буџетот за 2006 година значително се зголемени средствата за подпрогратамата за ветерина во однос на 2005 година. Од тие причини и од причини што се зафаќа од инвестициите, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Ѓорчев, имате збор.

Повелете.

**Марјан Ѓорчев:** Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Во 2005 година во буџетот на дискусија на Комисиајта за земјоделство, шумарство и водостопанство, тогаш како Комисијата имавме амандман со кој што укажавме дека неоправдано се скусуваат средствата за ветерина од 300 милиони денари беа намалени на 200 милиони денари, колку што се и оваа година за буџетот за 2006 година.

Она што сакам да го кажам тука е дека тие средства предизвикаа голем бран на незадоволство кај вршителите на ветеринарни услуги преку ветеринарните друштва кои што се регистрирани за таа дејност, од причина што за цела година во одделни активности, пред се, во превентивата и вакцинацијата не им се исплатени токму заради недостиг на средства.

Потоа, имаме недоволна соработка помеѓу ветеринарната управа и ветеринарните инспектори и ветеринарните друштва токму заради таквиот незадоволителен однос од аспект на земање, пред се, она основно елементарен личен доход за вршењето на дејноста ветеринарна заштита. Исто така, заради немање средства, се практикува нееднаков став на сите чинители што практикуваат во превенивата, во делот на применливоста за субвивање и искоренување на одредени болести зоонози, бво делот на мерките кои што ги применуваат одделни ветеринарни друштва на територијата на цела држава.

Потоа, значителен пораст на туберкулозата кај говедата, која што има би рекол многу негативни последици во делот на здравјето на крупниот добиток. Исто така, недостиг на бактериолошки прегледи кај млекото и тестот на маститис, со оглед на тоа што се доближуваме до Европска унија, потребни се пред се нови современи апарати од типот на бактоскани и се мери бактериолошката исправнсот на млекото, а во недостиг на средства, тука не се предвидуваат доволно средства во овој буџет за ветерина, според мое мислење, не ќе можеме да го спроведеме тестот маститис и на таков начин ќе имаме пуштање во оптек односно во потрошувачка на млеко, кое што не е здраво и се произведува од крави кои што се болни од маститис, така што нема да ги исполниме тие стандарди за бактериолошка исправност на млекото, 200 илјади бактерии во 1 милиграм млеко.

Потоа, се јавува една многу опасна појава за ентеротоксемијата, а тоа е внатрешно труење на крвта кај јагнињата и голем број на јагниња, речиси 50% умираат од оваа болест, а заштита од ентеротоксемијата не е предвидена. Вакцинација да оди барем 50% на товар на програмата, а 50% да си применуваат сточарите.

Исто така, можноста за набавката на вакцини од организиран пат преку ветеринарската комора која што ќе предвиди и поефтин начин на набавка на вакцини, со оглед на тоа дека овие средства не обезбедуваат на соодветен начин да се заштити од болести на целата територија на Република Македонија.

Од тие причини, особено состојбата со бруцелозата која што е драматична и која што на крајот на краиштата после сето ова што се случува со бруцелозата во Република Македонија и нерегулираниот начин на движење на болните овци и кози кои што се на испаша на територијата на Република Македонија, за што имаме интензивен начин на сточарење и ненавремено дијагностицирање на болеста и ништење на заболениот добиток, токму заради недостиг на средства, овие средства што ги предлагам плус 100 милиони денари се навистина нужни за едно нормално одвивање во една дејност, каде што Република Македонија ве уверувам, предничи во регионот. Ние имавме најдобро организирана ветеринарна заштита, подобра и од Бугарија и од Србија и Црна Гора и од Хрватска и први успеавме на Балканот па дури и во Југоисточна Европа да направиме лаболаторија за болеста енцелофалопатија или болеста луди крави. Едноставно, со овие минимални средства ја губиме таа предност и добрите административни чекори ги негираме сои лоши активности на теренот, а овие 100 милиони денари се наменети токму за овие болести за кои што зборував, сузбување на внатрешното труење кај овците, контрола на млекото од маститис, елиминирање на паразитите кај крупниот и ситниот добиток и елиминирање на ехинококот кај кучињата, кои што како паразити се присутни кај многу голем број луѓе и тоа над 90 случаи се регистрирани болни од ехинокоза во медицинските центри низ државата. Едноставно, потребни се овие пари. Ние несреќно тогаш не успеавме како парламент да го сочуваме тој квантум на средства, барем 300 милиони, колку што беа во буџетите од 2003 и 2004 година и затоа сметам дека треба да биде поддржан овој амандман, затоа што навистина сите ветеринарни друштва бараат дополнителни средства за навремена превентивна акција за заштита од болести.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Нашето приближување кон Европската унија бара почитување и примена на дополнителни стандарди, кои е неопходно потребно Република Македонија како држава да ги исполнува, а кои што се однесуваат на ветеринарната заштита.

Сметам дека со години по ред намалувањето на средствата, кои што се неопходно потербни за непречено функционирање на ветеринарната заштита во државата не е добро и дека најважно е во моментов да се предвидат повеќе средства кои што ќе бидат искористени за подобрување на ветеринарната заштита , за нормално функционирање на ветеринарните станици. Тоа го

велам, бидејќи тие ветеринарни станици, најголем дел од нив се соочуваат со основното нешто, а тоа се плати за своите вработени, што значи не можат да добијат средства за вложениот труд. Меѓутоа, многу е битно и да се следи состојбата со добитокот и живината. Тоа е неопходно потербно, заради здравјето и животот на сите граѓани во државата и борбата со болестите со кои што се соочуваат во ветеринарните станици , кои што ги зафаќаат животните и добитокот и живината. Сметаме дека неопходно е потербно уште поголем развој на ветеринарната заштита во Република Македонија.

Од тие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Јас сакам да ја искажам мојата ирична и поддршката на пратеничката група на ВМРО-Народна партија кон овој амандман на господинот Марјан Ѓорчев.

Очигледно е дека она што значи обем на работа на овие ветеринарни станици, со самото тоа што треба да ја применуваме европската легислатива и ова што се случуваше во Република Македонија, за жал, многу од овие средства наменски кога ќе требаат ги немаме и после тоа се случува финансиски да интервенира Министерството за финансии со многу поголеми средства. Но, тоа е веќе задоцнето и тоа значи завршување на она што некој требало да се грижи претходно, да ја направи целата евиденција, вакцинација и заштита на животните.

Во однос на евиденцијата во многу реони има проблеми. Луѓето едноставно го чувствуваат сето тоа, така што во ветеринарните центри вака како што во моментов функционираат, мислам дека имаат проблеми, не само со неплатените средства за личните доходи, туку воопшто и да функционираат на една територија на која што поголем број од земјоделците и сточарите се засегнати.

Значи, во оваа ситуација бараните сто милиони денари мислам дека се оправдани, дека треба да најдеме заеднички јазик и со министерот за финансии и со колегите од позицијата, овие средства да ги одобриме, затоа што случувањата што ни се случувале со години наназад, ни укажуваат дека после тоа поморот и она што значи дисквалификација на Република Македонија на она што ние го имаме единствено како извоз на некое месо од овие производи, едноставно доаѓа во прашање, затоа што знаејќи ги ние нашите проблеми, ако не интервенираме многу брзо, тука на нашите граници имаме членки на Европската унија, кои за да го пласираат својот производ, едноставно ја блокираат Република Македонија и тоа е проблем кој што во основа треба да го решиме, а тоа ќе го решиме само со помош на овие ветеринарни станици, овие сто милиони и мислам дека министерот ќе најде можност и начин сето ова да се регулира.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Само тројца изземете, бидејќи тие не гласаа, дојдоа подоцна.

Колеги пратеници, мислам дека не е достојно за пратеник да гласа во име на друг, затоа што имаат гласано 65 пратеника, а во времето кога се гласаше, беа присутни 63 пратеника.

Јас ве молам уште еднаш, затоа што ќе се сомневаме во секое гласање. Бидејќи во времето на гласањето беа присутни 63 пратеника, а за двајца беа притиснати од некој, нека им служи на чест.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Гласале 65 пратеника, 18 гласале за, 2 се воздржале, 45 против.

Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма Б, подпрограма БВ ставка 489 и на Раздел 09002 програма 2, подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Марјан Ќорчев, Соња Лепиткова, Михајло Георгиевски, Аднан Ќахил, Драган Ѓорѓиев, Славица Грковска, Коста Прешоски, Петар Апостолов, Ејуп Рустеми, Никола Апостоловски, Роза Топузова - Каревска, Хисни Шаќири, Исмет Рамадани и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Средствата кои се обезбедени во Буџетот за овој проект од 45 милиони денари во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се сосема доволни, затоа што тие се за подготовка на користењето на структурните фондови на Европската унија и тоа во првата година од користењето на овој Фонд кој ќе продолжи понатаму. Нема никаква потреба од дополнителни средства. Овие целосно ќе го покријат тоа што е за оваа година зацртано.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Господине Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, тука се работи за дополнителни 35 милиона денари, во делот на поддршка на проекти за рурален развој, како пилот проекти, затоа што ако нешто Република Македонија треба да направи во оваа би рекол претпристапка година 2006, е добро да се подготви, да ја проучи агендата на Европската унија за 2006 година, донесените мерки од таа агенда во Берлин 2000-та година кога беа предвидени 22 мерки за земјите кои што станаа членки во 2005 година на Европската унија со новото проширување на десетте членки, ќе ги користат тие фондови. Сега ги користат Романија и Бугарија.

Очигледно е дека за да можеме ние да се подготвиме добро, да можеме да едуцираме луѓе, да можеме да подготвиме документација, да направиме би рекол, повеќе такви пилот проекти недоволни се овие 45 милиона денари предвидени во Буџетот и овие дополнителни 35 милиона денари се во насока да може барем 3-4 такви пилот проекти да укажат, да ни го покажат патот на кој што наједноставно, би рекол, со најмалку труд и со најдобра соработка со државната администрација, ќе можеме на 01.01.2007 година да пристапиме кон користење на претпристапниот фонд ИПА. Бидејќи тука се работи за многу суфистицирана форма на видо изменета улога на европската аграрна стратегија. Наместо директна целосна поддршка, се форсира руралниот развој и земјоделството, во делот на надминување, односно за менување на пазарните инструменти, маркет механизмите и се оди во делот на она што значи афирмација на безбедност на храната, квалитетот, грижа за стоката, потоа заштита на животната средина и она што претставува чиста незагадена природа. Тука е потребно многу труд, би рекол и многу средства, едукација на кадри, особено во делот на инвестирање во нов квалитет на бизнис кај земјоделските домаќинства, инвестиции во човечките ресурси, изнаоѓање пилот модел за форсирање на нови земјоделци, предвремено пензионирање на луѓе кои што веќе не можат да ја обавуваат таа функција, тренинг и слично. Оттука сметам дека навистина, ако споредиме дали оваа година треба да купиме 100 бироа, или да обучиме најмалку 200 млади способни, со познавање на јазик луѓе, кои ќе знаат да им помогнат на сите во Република Македонија да ги подготват тие формулари, тие пилот проекти да ни бидат прирачник како ќе пристапиме при користењето на средствата од ИПА. Навистина станува збор за многу минимални средства, толку потребни да можеме оваа претпристапка година да ја искористиме максимално.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 26 гласале за, 1 воздржан, 35 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Констатирам исто така дека ќе продолжиме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14002 Програма 3, подпрограма 3, ставка 464 и на раздел 09001 Програма 1, подпрограма 10 ставка 483, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Нема потреба од наменети за кои овде пратеничката поднела амандман. Сите намени за оваа работа се обезбедени во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Оваа намена неслучајно е ставена со износ 0, затоа што нема никаква потреба од нив.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска, Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Претходните амандмани кои се однесуваат на земјоделството, поднесени од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и од колегата Китановски и Силвана Бонева, и од колегата Марјан Ѓорчев, посебно од колегата Марјан Ѓорчев беа доста елаборирани во делот на земјоделството. Мојот амандман се однесува на доделување на определен износ на Агенцијата за поттикнување на развојот на земојоделството во Битола. Тие амандмани не беа прифатени. Искрено да ви кажам, не очекував дека министерот ќе го прифати овој амандман. Очигледно дека земјоделството кај нас, според кажувањето на министерот, цвета. Останува само да барам поддршка од колегите, ако се обезбедат доволно гласови за да може да го поддржат овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, тука се работи за 10 милиони денари. Мислам дека Агенцијата за развој на земјоделието во Битола поминува две три години во еден целосен хаос токму поради финансиски средства и од несигурноста дали ќе опстојува или не. Ако сте ги предвиделе во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство тие средства, дали има обврзувачки карактер истите да стигнат до Агенцијата или нема, бидејќи се работи за

минимални средства во однос на ова што го говоревме до сега за земјоделието, вие не прифативте ништо, и покрај тоа што многу од амандманите беа издржани и треба да се најде доблест, затоа што земјоделието е тоа што во Република Македонија во овие три четири години можеби најмногу настрада.

Јас се приклучувам кон амандманот на госпоѓата Којзеклиска и мислам дека треба да се најде можност барем овие 10 милиони да бидт префрлени до Агенцијата, за да можат луѓето посигурно да ја вршат својата работа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да го гласаме или да не го гласаме амандманот.

Ги известувам пратениците дека 10-те минути за кворум почнуваат да течат.

Молам службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, а пратениците да седнат на своите места.

63 пратеници се присутни во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни во салата гласал 61 пратеник, 6 пратеници за, еден воздржано и 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15001 Програма 2, подпрограма 20 за додавање подкатегорија 47 и нова ставка 471 и на раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесенод пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** За овој амандман веднаш да кажам дека не се работи за средствата за оваа намена, два милиони денари, значи минимални средства за кои пратеникот поднесува амандман на позицијата кај социјалните надоместоци кои се со милијарди денари во Буџетот. Значи не се работи за средства, туку се работи за фактот што со сегашниот закон во Република Македонија нема законски основ за ваков вид на социјална помош, односно надоместок и за тоа амандманот не можеме да го прифатиме, се додека не се створи законски основ за тоа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Анастасовски, имате збор, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседател.

Во образложението е наведено дека овде се работи за една група трудови инвалиди, на кои до 2003 година им биле исплаќани надоместоците, согласно членот 61. Меѓутоа, од 2003 година престанува исплаќањето на додатокот на оваа група луѓе, кои се претежно од општината Куманово и општината Велес и се кажува дека она што вие го кажавте господине министер, што можеби држи, меѓутоа, јас мислам дека членот 61 не е јасен, бидејќи членот 61 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување предвидува две категории на трудови инвалиди и условно оваа група луѓе тврди дека според тој член едните земаат надомест, а другите не. Значи останува понатаму и Владата лично да интервенира во тој член од законот и тој член да биде навистина појасен и дециден спрема оваа група граѓани во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Глигориевски, повелете, имате збор.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине претседателе.

Господине министер, колеги пратеници, се јавувам за да дадам своја поддршка на амандманот од колегата Анастасовски и дозволете да ги кажам своите аргументи за оваа ваква моја одлука. Факт е дека Буџетот на Република Македонија за 2006 година од многу дискутанти е наречен социјален буџет, дека нема развојна политика, нема ова, нема она. Меѓутоа, во еден таков условно кажано социјален буџет, каде што се предвидува од вкупно 104 милијарди денари за социјални трансфери да има 47.900.000.000, значи скоро 48%, каде што за социјална заштита се одвојуваат 17,5 милијарди денари, да останат незаштитени стечајци кои штрајкуваат и оро ни играат во Штип, трудови инвалиди во Куманово или не знам кои, некако не ми е јасно. Според мене, точно е дека овој износ е мал, меѓутоа, повеќе значи симболично и повеќе оваа моја дискусија е обраќање до Владата и до министерот за состанокот што ќе го има Владата на 5 јануари 2006 година за разрешување на тие конкретни случаи што останале незаштитени со Предлогот на буџетот, да се изнајде некој начин за да им се помогне на луѓето. Ова е затоа што се базираме на неколку претпоставки зошто тоа треба да биде така. Прво е стекнатото право што го кажа пратеникот Анастасовски, каде што луѓето на почетокот добивале некој надомест што со тек на време престанал, престанала законскаста можност или не знам што. Меѓутоа, зависи од нас, од Владата и од нас, дали ќе најдеме нова законска можност, дали со нова одлука на Владата да се продолжи, тие луѓе на некој начин да се доведат во ситуација да можат да го издржат процесот на транзицијата, затоа што според мене тие се жртви на транзициониот процес во кој сите ние како пратеници и Влада во последните 15 години учествуваме. Има дупки во Буџетот, дел од овие работници што штрајкуваат не можат да си го остварат своето право затоа што се уште не е завршена ликвидационата и стечајната постапка во "Киро Фетак", која трае со години, затоа што стечајните управници ги користат дупките во Законот за стечај, кои сега ќе

ги менуваме, меѓутоа, тие закони ние како Влада и како Парламент сме ги донесувале во овој или во некој друг состав и требало да се најде начин за да се спречи таквата злоупотреба од поединци за одделни луѓе да не го остварат своето право.

Исто така, читаме по весници дека токму од овие социјални трансфери по одделни закони, по одделни дупки од закони, пак ќе кажам поединци кои се прогласувани за технолошки вишок до пензионирање ќе земаат по 40-50 илјади денари, дека трудници со еден ден пријавување пред породување во некоја фирма 9 месеци после тоа земаат надомест за трудничко боледување. Значи, се злоупотребуваат народните пари токму за онаа категорија најсиромашни луѓе за кои била наменета. При тоа, и меѓу таквите луѓе и меѓу тие штрајкувачи има поединци кои не заслужуваат помош, добро ситуирани, вработени на диво или незнам како. Меѓутоа, поединечните случаи не треба да не одвратат од целосното решавање на правата на овие луѓе.

Затоа, пак ќе кажам со пораката да го изгласаме овој амандман не дека ќе решиме со два милиони нешто повеќе, меѓутоа, да дадеме порака до Владата дека како Парламент сме за да се најде начин да се реши прашањето на овие луѓе.

Во текот на претходната расправа по Буџетот, во текот на општата расправа за Буџетот, овде имавме обраќање од колешката Лилјана Поповска, каде што не повика дека треба да помислиме на тие луѓе кои одвај составуваат крај со крај со илјада и седумсто денари месечно, меѓутоа, помислата и молитвата за таквите луѓе ќе ја оставам за во црква, а ние овде сме Парламент, земаме плата и треба да бидеме присутни токму кога се решава и кога треба да се гласа за вакви работи, а не само така, ќе си кажеш два-три збора, дојдов, видов, кажав и си отидов. Затоа, од вас ја барам поддршката да го прифатиме амандманот, за да Владата до 5 јануари 2006 и во натамошните преговори и разговори изнајде начин за решавање и конечно решавање на статусот на овие лица. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Република Македонија во нејзиниот Устав е дефинирана како социјална држава. На почетокот на оваа година овој Парламент ја ратификуваше Европската социјална повелба и од таму и обврска на овој Парламент и на Република Македонија е заштитата на работниците во случај да останат без работа. Сметам дека проблемот со кој се среќаваат трудовите инвалиди, кои останале технолошки вишок или се стечајни работници, треба Владата многу сериозно да го разгледа, да не ги оставиме овие луѓе да штрајкуваат со денови, барајќи да го свртат вниманието на јавноста и на Владата и на нас пратениците, за да може да биде решен нивниот проблем од 1995 година, па наваму, голем дел од нив, земаат одреден надомест како трудови инвалиди, меѓутоа, во последните две години одлуката со која е утврдено дека и понатаму тие треба да земаат до нивното згрижување одреден надомест е укината и повеќе не се применува.

Овие луѓе се буквално на улица со над 25 години работен стаж, со нарушена здравствена состојба и неопходно е потребно на овој начин да се помогне, да се продолжи важењето на оваа одлука за да може, значи да се одделат средства, врз основа на одлуката која што Владата треба да ја донесе и да може и понатаму до нивното згрижување или до генерално решавање на проблемот со скоро 1000 трудови инвалиди во државата, да се завземе еден став и да се најде начин како да се реши ова прашање со трудовите инвалиди во Република Македонија.

Од тие причини ние ќе го поддржиме овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени повеќе за збор и затоа го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарам.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеника, 60 гласале, 9 за амандманот, 4 воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15010 Програма 2, потпрограма 2 ставка 481 и на Раздел 15010 Програма 2 потпрограма 2-А ставка 483 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не го прифаќаме затоа што реалоцира средства од инвестиции во истата програма, од опрема во градежни објекти, поточно како што е напишано во образложението "Подобрување на условите за развој на децата". Најчесто во сегашната состојба со детските градинки, подобрување на условите за развој произлегува од набавката на дополнителна опрема. Во спротивна насока се и амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓа Којзеклиска повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Со овој амандман барам изградба и опремување на објекти за детска заштита, износот кој се однесува на дел од градежни објекти, односно ставката 481 да се зголеми од 12.000.000 на 18.000.000, за 6.000.000 денари.

Истиот износ го лоцирам, или го земам од ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила, машини, така да износот 8.000.000 го намалувам на 2.000.000. Според мене, што не значи дека е ниту на министерот исправно образложението купување на мебел, опрема, возила и машини, износот кој е наменет во делот на Буџетот општествена заштита на децата може да се намали за 6.000.000 денари и истите тие средства да се искористат за градежни објекти или за реконструкција на постојните објекти, а кои се однесуваат на детската заштита.

Јас колку што се сеќавам почитуван претседателе, јас и вие имавме полемика во однос на косите кровови на еден од буџетите кои се однесуваа на детските градинки, јас продолжувам во таа насока и од тие причини барам средствата да се дислоцираат од купување опрема, возила, машини и мебел, јас разбирам опрема, како што вели министерот било спротивно, бил спротивен самиот амандман еден со друг, меѓутоа сметам дека на децата, мебелот можам да го разберам, но ако мислите компјутерска опрема, иако сме во ера на информатичко општество, донесовме национална програма за информатичко општество сеуште се работи за деца во детските градинки. Возила, незнам на какви возила и на какви машини се однесува, така да сметам дека овој амандман за 6.000.000 денари во делот на градежните објекти, или да го насочиме кон градежни објекти ќе биде поповолно искористен отколку купување на мебел, машини и возила.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

62 пратеника се присутни.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника 60 гласале, од кои 4 за, 2 воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2, потпрограма 20 ставки 401 и 402 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Соња Лепитккова, Ѓорѓи Оровчанец, Иван Анастасовски, Славица Грковска, Аднан Ќахил, Благородна Мингова-Крепиева и Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Со овој амандман не се предлага 30.000.000 да се зафатат инвестиции во Буџетот и да се пренасочат во плати. Тоа не можеме да го прифатиме.

Би сакал пратениците што се потпишани тука да ги информирам дека Буџетот е последица на политиките кои се водат во некои ресори, а не е причина за нивната политика. Значи, прво се утврдува политика во Секторот на образованието за намената за која ги бараат средствата и врз основа на тоа Буџетот ја следи политиката. Значи погрешен пристап е во Буџетот да се бара решавање на проблемот. Треба да си седнете со министерот за образование, кој ја води политиката за предучиличната настава, односно за целодневната настава и ако таму се реши проблемот Буџетот ќе биде само слика на таквата политика. Ова е обратен начин. Значи во Министерството таа полилтика се води на поинаков начин и сега не можеме ние средства во Буџет да лоцираме. Затоа ова не е начин да се решава тој проблем. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лепиткова, имате збор.

**Соња Лепиткова:** Ние ја сваќаме позицијата на министерот за финансии, сосема е во ред тоа што го истакна министерот за финансии, Комисијата за образование и наука за овој проблем расправаше на тематска седница на Комисијата и до Министерството и до другите надлежни институции посочи дека вакви проблеми ќе се јават и дека со буџетската година наставниците кои што ја вршат работата во целодневната настава по Нова година ќе останат во позиција да не ги добиваат своите плати и ќе остане под знак прашање реализацијата на целодневната настава. Токму поради тоа ние сметаме, бидејќи школската година почнува од септември, различна е од почетокот на буџетската година, бидејќи ќе се појават овие проблеми, тоа го посочивме и до Министерството за образование и оваа програма треба да се исфинансира до почетокот на школската година, а потоа да се бараат решенија за тоа како ќе се одвива целодневната настава и дали тој проект ќе се згасне, или ќе продолжи да работи.

Токму поради тоа, бидејќи од пратставникот на Министерството за образование не добивме одговор како со Буџетот се предвидува да биде финансирањето во однос на платите на овие наставници, ние како поголем дел членови на Комисијата го дадовме овој амандман се со цел да не дојде до еден ваков дисбаланс односно до тоа децата да го почуствуваат проблемот на непродолжување на функционирање на целодневната настава токму на средината на учебната година имајќи во предвид дека ако на почетокот на учебната година се знаело категорично дека ќе биде така, тогаш самите родители децата не би ги запишувале во тие училишта. Од тие причини сметаме дека Парламентот треба да го поддржи овој амандман, затоа што станува збор за категорија на деца кои што до крајот на учебната година треба да го остварат тоа свое право, а понатаму да

разговараме за тоа како тој проект ќе продолжи да се реализица или како таков ќе згасне, земајќи во предвид дека за ова навистина имаше широка дебата и како граѓанска иницијатива, меѓутоа и во рамки на Комисијата за образование, наука и спорт.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено други за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, од кои 16 за, 4 воздржани и 42 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2, потпрограма 2-Б ставка 482 и на Раздел 06001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 423 поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Блаже Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Со амандманот се предлага да се зафата средства од Министерството за внатрешни работи и да се пренасочат во Министерството за образование.

Немам мандат да го прифатам таквиот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Во ставката 423 - ситен инвентар, алати и други материјали за поправки износот 323.500.000 се заменува со износот 308.500.000.

Амандманот се предлага за Раздел 16001, Министерство за образование и наука во Програма 2 - Основно образование потпрограма 2-Б - Реконструкција на основни училишта во ставката 482 - Други градежни објекти износот 58.000.000 се заменува со износот 73.000.000.

Пред малку слушнавме од вас господине министре, факт е дека некој води политика, јас незнам кој ја води политиката, но за мене вистина е дека многу училишта веќе претставуваат повеќе како хорор слики отколку основни училишта и за жал уште децата не влезени во системот на образование ги тераме да излезат. Тоа се случува во многу селски училишта кои што се затворени, кои што во моментот немаат ни кров, немаат ни она што е основно прозори, за стакла да не говорам,немаат подови и сега ние тука расправаме за 15.000.000 кои што мислам дека е многу минимална сума која што како пратеници мислевме дека нема да стане проблем во оваа ситуација да го говориме. И сега не само она што значи селски училишта во рурални средини, туку и градските училишта, гледајќи ги вака како што опстојуваат и како што се префрлаат на она што значи локална самоуправа, но без финансиски средства обезбедени однапред, многу од училиштата ќе останат оваа година и без греење, можеби многу од учениците ќе останат дома и ќе продолжат со домашна настава. Може ли таа политика во образованието е токму таква и можеби така некој ја предвидел. Но за жал, вие морате да изнајдете и средства и начин како сето тоа да се избегне, барем тој што ја води политиката да обезбеди основни услови за оние што толку многу се залагаме сите и сигурно дека се перспективата на Република Македонија да најдеме начин како да им помогнеме уште во старт. Ние уште во стар се исфрламе. Јас мислам дека кај пртениците ќе најдам поддршка со овој амандман и дека еве на денешната расправа, овој е веќе 32 амандман, 20 амандмани поминаа досега не помина ни еден од предложените амандмани. Се надевам дека овој ќе биде амандманот кој што ќе донесе пресврт. Благодаррам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амаднманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

64 пратеника гласале, 9 гласале за амандманот, 2 воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собрранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2, подпрограма 2-Б ставка 482 и на Раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 савка 463 поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Средствата се предлага да се зафатат со трансфери кои служат за трансфери на државата до невладини организации каде се предвидени среддства за здруженија на граѓани, за здруженија на хендикепирани, спортски организации, социјални групи, политички партии и средства за трансфери до цивилниот сектор за кофинансирање на програмите кои ги има и проектите Европската унија во цивилниот сектор и неможеме да ги спуштиме од таму. Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине министре, ако сметате дека од таа ставка не може да се одделат доволно средства за реконструкција на основните училишта во Република Македонија, тогаш вие треба да кажете бидејќи вие сте експерт по финансии, вие треба да кажете од кои ставки може да дадете пари за реконструкција на основните училишта. Бидејќи условите во кои што работат учениците од основвното образование се катастрофално лоши, нема услови за нормално престојување на децата во некои од училиштата. Веќе три години по ред само се започнува божем со реконструкција или со изградба на нови училишта, а никако да се стаса до крајот. Секое лето се лажат родителите дека еве, ова лето до крајот на летната сезона, односно до почетокот на учебната година ќе биде готово училиштето и никако да бидат. Поголем дел од училишта. Не сакам сега повторно да бидам предупредувана од страна на претседателот и не би сакала да ги бројам сите училишта кои што се започнати и за кои што неколку години по ред за секој буџет се исто па исто зборуваме. Значи, има неопходна потреба од реконструкција на основните училишта во последните години се реконструираа голем дел од училиштата во западниот дел на Македонија, треба и во источниот дел на Македонија да се реконструираат училиштата да се создадат нормални услови за престојување на учениците таму, бидејќи навистина и нивното здравје, меѓутоа и животот нивни е загрозен.

Од тие причини барам да се поддржи овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема никој пријавен за збор го заклучувам претерсот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од кои 10 за, 3 воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 3 подпрограма 3-Б ставка 482 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Поповски, министер за финансии. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандман е со слична содржина за средните училишта. Не можеме да го прифатиме затоа што средствата за кои се бара да се пренаменат се средства со кои Република Македонија учествува во финансирање на даноците на донациите кои ни ги даваат од надвор за инвестиции во Република Македонија. Значи, ако ги симнеме средствата од даноци, донациите по правило не донираат даноци, во тоа мора сами да учествуваме, да ги изгубиме донациите и од тие причини не го прифаќаме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

Почитуван претседателе, почитуван господине министре.

Овој амандман е со речиси идентична содржина како и предходниот. Се бараат средства за реконструкција на средните училишта, меѓутоа, сите знаеме дека со процесот на децентрализација и преземањето на училиштата од локалната самоуправа, се јавува и ургентна потреба од отворање на средни училишта во повеќе општини во кои досега се постоеа. Ако не се зголемат средствата кои што се предвидуваат за реконструкција и градење на нови училишта во областа на средното образование, тогаш не може да се одвива нормално образованието на децата кои ќе посетуваат настава во средното образование. Од тие причини барам да се поддржи овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 60 гласале, 9 за амандманот, 3 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001, Програма 4, подпрограма 4Б ставка 482 и на раздел 04002, Програма 1, подпрограма 1А ставка 481, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам,

Подолг период на години во Република Македонија реконструкцијата на објектите во високото образование, за жал, се врши од сопствените приходи на факултетите, а од друга страна се сериозни и високи и кои остануваат на нивно располагање и со оглед дека од сопствени средства ги финансираат таквите зафати, симболичните средства кои се ставени тука се само симболични и не сметаме дека треба да се дополнуваат.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот не е прифатен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 56 гласале, 5 за амандманот, 4 воздржани, 47 против.

Констатирам дека амандманот Собранието не го усвои.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 5, подпрограма 50 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2 , подпрограма 20 ставка 463, поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам предлагачите да го видат Буџетот каде што ја предложиле измената. Нивната интенција е износот 0, да се замени со 20 милиони. Образлагаат дека во Буџетот воопшто не се застапени тековните расходи. Тоа не е точно затоа што веќе наредната ставка 46 во Буџетот трансферите 272 милиони за оваа намена. Со оглед дека Буџетот дава трансфери за ученичкиот стандард, понатаму од трансферите се распределуваат средствата на сите намени, вклучувајќи тековни расходи и плати и капитални инвестиции и други трошоци и едноставно нема потреба од овој амандман.

Инаку, во Буџетот се лоцирани точно 10 односно 12 и пол пати повеќе пати средства одколку што се бараат во наредната ставка и тие се за таа намена.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Гоподине Китаноски имате збор.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Целта и намерата за поднесување на овој амандман е јасна, меѓутоа би сакал да го искоментирам сега ова што го образложи министерот. Во повеќе предходни образложенија на тоа се држи или од каде се земаат тие средства или на некои техничко-еснавски работи што се однесуваат на Буџетот. А, ако е така во образложението, мислам причината за одбивање на овој амандман тогаш зошто стои ставка 0 и воопшто стои ставка и други тековни расходи. Ако е причината тоа дека во други позиции се предвидени средства за ученички стандард, а знаеме дека се предвидени за други позиции, меѓутоа, во оваа позиција ставката е 0, а предлагаме да биде 20 милиони.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени повеќе за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 9 за амандманот, нема воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Само ако сакате минута. Го немам тој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Овој амандман е во списокот под број 37.

**Никола Поповски:** Во нумерацијата настанала некоја забуна. Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Министерот очигледно не беше подготвен за овој амандман затоа што немаше можност да го види. Да потсетам само дека се работи за амандманот со кои се бара средствата за реконструкција на студенските домови од 5 милиони денари да се зголемат на 20 милиони денари. Значи, за 15 милиони денара, ако се земе предвид фактот во каква состојба се студенските домови во Република Македонија. Не правам исклучок за ниеден студенски дом. Големиот број на студенски домови се претежно лоцирани во главниот град на Република Македонија, значи во Скопје и сметам дека овој амандман заслужува поддршка од страна на колегите, затоа што сите се свесни, посебно во студенскиот дом во Автокоманда и сите заедно, да не ги набројувам, дека постојано се жалат. Во зимски услови, условите таму се доста тешки за живот, а се работи за студенти на чии товар ќе падне понатаму иднината на оваа држава.

Е, па за да инвестираме во иднината, за да може тие деца, студенти да имаат услови за живот новрмлни и да можат да учат и да студираат, да го поддржиме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 12 гласале за, 2 воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандман на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Роза Топузова - Каревска, Петар Апостолов, Нелко Стојановски и Благој Голомеов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Ние мислиме дека тука е направено од предлагачите никој превид или грешка, бидејќи е поднесен амандман во 100 илјади денари. Тоа е 1000 и нешто евра. Очигледно е дека е некаква забуна, инаку амандман е технички исправен. Меѓутоа со оглед дека ништо не менува не го прифаќаме, навистина износот е многу симболичен.

**Љупчо Јордановски:** Ни за 100 илјади не прифаќате.

Госпоѓо Топузова барем еден да прифатиме.

Госпоѓа Топузова имате збор, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Очигледно дека е направена грешка во службите кои што го подготвувале амандманот и тука се сложувам со министерот, апсолутно е во право, затоа што се бараше многу поголема сума и тоа сепак не доволна и она што ние мислевме да ја побараме за изградба на нов студенски дом, односно знаеме дека и таа сума која што требаше да биде поголема од оваа што е, не е доволна за изградба на нов студенски дом, туку ќе се наменеше за со таа сума да се направи проект. Не би сакала сега да говорам каква е ситуацијата со сместувањето во студенските домови особено со сместувањто во главниот гран да Република Македонија, ако предходно имаше амандман со кој што се бараше да се направи реконструкција на веќе постојните студенски домови. Ние во Либерално Демократката Партија сметаме дека секоја година нашата, значи се соочуваме со еден значителен проблем, односно голем број на студенти немаат каде да бидат сместени. Ако капацитетот на сегашните домови изнесува само 3800 легла, зборувам во Скопје, тоа е мнону малку за да можат да се сместат сите студенти кои што се заинтересирани, кои што студираат на факултетите во Скопје. Токму поради тоа мислевме да се направи проект со кој што би се изградил нов студенски град кој што ќе опфати повеќе објекти за сместување. Со самото тоа ќе се овозможи да, пред се, студентите ќе имаат едно место каде што ќе бидат сместени и каде што ќе можат да ги остваруваат и другите свои активности потребно за нивното студирање, како што се една библиотека, потоа спортски објекти и сето тоа што следи. Мене навистина ми е жал што се случила оваа техничка грешка при самото отчукување на амандманот и сега не останува ништо друго министерот, бидејќи не покажа добра волја и овие мали симболични средства да ги додели, а тие не би користеле многу, да го повлечам амандманот. Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Сите предлагачи се слагаат?

Бидејќи не се тука сите да ги прашаме, го ставам амандманот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 52 гласале, 12 за амандманот, 3 воздржани и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на раздел 16001 Прогама 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се приознесе.

Повелете господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам. Претседателе ова е веќе 4 или 5 амандман на истата ставка, а следуваат уште два по наша евиденција. Амандманот не го прифаќаме, а сакам да кажам дека на истата позиција наредниот амандман поднесен од група од десетина пратеници ќе биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, бидејќи следниот кој што за исто зборува ќе биде прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Јас заедно со колегата остануваме на амандманот без оглед дека беше соопштено од страна на министерот дека наредниот амандман ќе биде прифатен. Меѓутоа, наредниот амандман бара само милион и петстотини илјади денари повеќе, додека ние бараме 60 милиони денари за реконструкција на студенските домови и сметам дека оваа сума која што министерот ќе ја одобри со наредниот амандман не е доволна за санација на катастрофалната состојба во која што се наоѓаат студенските домови во Република Македонија. Знаеме дека најголем број од младите луѓе во државата кои што студираат на нашите универзитети, оние кои што немаат средства да одат во приватното сместување, мора да живеат во студенските домови во кои што условите се катастрофални. Во многу од нив крововите протекуваат, греењето не функционира, санитарните јазли се во ужасна состојба.

Значи, не само што е потребна реконструкција на постојните објекти за да може да се сместат скоро сите студенти кои што се заинтересирани да престојуваат во овие домови. Неопходно е потребно да се доградат уште, значи да се прошират капацитетите на престојните домови, меѓутоа да се изградат и нови домови во Република Македонија за сместување на студентите. Од тие причини ја бараме сумата од 60 милиони денари и очекуваме парламентарното мнозинство да даде поддршка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 58 гласале, 13 за амандманот, 4 воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Слободан Најдовски:**

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 21 ставка 413, поднесен од пратениците Иван Анастасовски, Соња Лепиткова, Благој Голомеов, Роза Топузова-Каревска, Нелко Стојановски, Коста Прешоски, Спиро Мавровски, Јусуф Арифи, Милка Митковска, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Ѓорѓи Оровчанец, Тасим Сулејмановски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 60 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Значи, овој амандман како и оној за ученички стандард бара 30 милиони денари за студенски стандард. Повторно укажувам дека средствата за студенски стандард се многу повисоки од 30 милиони, тие изнесуваат 330 милиони, меѓутоа се наоѓаат во категоријата на трансфери до студенските установи, а не во категоријата на други расходи. И, затоа овој амандман не го прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе. Јас повторно со истото образложение или прашање до министерот. Ако е тоа така зошто воопшто во Буџетот постои ставка со такво име 426 други тековни расходи износот изнесува нула, ако е ова вака, значи, дека има предвидена за студенски стандард студенски средства преку трансфери.

Инаку, потребата од овие средства е заради тоа што средствата за студенски стандард, значи оние кои што одат преку трансфери и повеќе, предвидуваат помош на студентите, кои се сместени во студенските домови, но знаеме дека мал дел од студенската популација има можност да добие такво сместување. Значи, од можноста за користење на средства за студенски стандард се исклучени сите студенти кои што не студираат во местото на живеење, а не добиле место во студенските домови, како и студентите кои што студираат во местото на живеење, но имаат потреба од материјална помош, за да можат да ги покријат трошоците за студирање.

Исто така, не се предвидуваат средства за културни, спортско-рекреативни и други потреби на студентите, иако се тие спомнати во програмите на буџетот, освен овие што преку трансфери ќе се одвиваат, меѓутоа опфаќаат само една категорија на студенти и во контекст на тоа се дискриминирани и талентираните студенти во основ на нивната возраст.

Од овие причини, барам подршка од колегите за вметнување на потставката 426, други тековни расходи, 50 милиони денари за студенски стандард.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 57 гласале, 11 гласале за амандманот, 2 се воздржани, 44 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 1601 програма 7, потпрограма 71 ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 и на Раздел 09002 програма 2, потпрограма 20 ставки 483 и 413, поднесен од Комисијата за образование наука и спорт.

Со овој амандман не се согласил претставникот на Владата на седницата на Комисијата.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Тој е со висок износ. Пренаменува средства од инвестиции на државата во сите ставки на Министерството за образование и наука на потпрограмата 71 од патни и дневни трошоци, па до други тековни расходи. Значи општо зголемување на овие расходи, што не е прифатливо.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Соња Лепиткова.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе,

Комисијата за образование, наука и спорт едногласно предложи до Парламентот да се предложи ваков амандман, со цел да се обезбедат поголем број на буџетски средства во делот на научно-истражувачката работа, а причина да се побараат поголема сума на

средства во висина некаде од околу 300 милиони денари беше тоа што на претходните седници кога Комисијата расправаше за состојбите на оваа дејност во образованието и науката констатиравме дека тоа е една реална сума на средства, со која што Република Македонија може навистина, сериозно да чекори во тој правец, за даможе да оствари една научна истражувачка дејност, која барем приближно ќе може да биде во рамките на она што е цел и тренд во земјите во ЕУ, особено на оние земји кои што претендираат да бидат земји кандидатки за членство во ЕУ.

Од препораките кои што се даваат од Европската комисија, јасно е дека во европски рамки предложениот амандман е на релација на препораките на ЕУ, за тоа каде треба да се движи науката во Република Македонија, а со тоа и развојот на техниката и технолошкиот развој.

Од тие причини, како Комисија тоа го направивме за таа висина на средства, меѓутоа, сметавме дека како и претходните расправи за буџетите во претходните две години, ќе може барем одредена сума на средства да бидат зголемени во Секторот за наука, со цел дека оваа година ќе можат да бидат и малку повеќе зголемени, со тоа што, рака на срце, имаме и еден нов универзитет, кој што исто така ќе бара одредена сума на средства каде што треба да бидат насочени за да може и таму научно истражувачката дејност да се развива во една разумна граница. Тоа е амандманот кој што Комисијата едногласно го изгласа. Јас сепак сметав дека Министерството ќе може барем одредена сума на средства да пренасочи за оваа позиција, затоа што навистина е од исклучитено голема важност за Република Македонија пред пристапните фондови во ЕУ по име на вакви проекти, мооже да конкурира со издржани проекти, кои што ќе можат и дополниелни средства да обезбедат за развој на науката и технологијата во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Благодарам потпретседдателе.

Овој амандман не е прифатен заради тоа што овие се големи средства, иако ние на Комисијата за образование и наука констатиравме едногласно, како што кажа и претседателката дека се потребни средства и јас и таму образложив зошто барам токму 300 милиони денари за научно истражувачка дејност, иако ние бевме едногласни и во таа насока да се одобрат и помали средства од тоа, но да се одобрат средства за да се користат во научно истражувачки цели. Но, очигледно дека се нема слух за оваа работа, иако по 4-ти пат ние дискутираме и констатиравме заеднички со консензус на Комисијата за образование наука и спорт дека за наука нема, се помалку има, заради тоа што едноставно, 2002 година, во однос на 2003 година си направи еден рез од 2 милиони и 754 илјади евра е смалено на милион и 345 илјади евра. 100% намалување за науката, иако се ветуваше на фамозниот 15 септември дека ќе се подобри ситуацијата во сите сфери на општественото живеење. А науката, се согласувате со тоа е општествено живеење.

Јас уште еднаш ќе потенцирам, бидејќи овој амандман е поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт, каде што немавме разидување во однос на размислувањето дека треба да се финансира науката во Република Македонија, за да имаме автентично научно толкување и научна мисла во Република Македонија и треба за тоа да се има пари.

Јас ќе појдам од основната премиса кога се развивале другите земји и кога тргнувале по пат на економски развој, на економски бум, таков е Израел и кога седнале ,за тоа можам да ви кажам најодговорно од некои нивни претставници тогашни тоа го имам слушнато. Напред се оди само на два начина: Ако имаме ние природни ресурси и човечки ресурси, кои едни со други се поврзани. Македонија, во даден момент има природни ресурси кои треба да ги искористи, но очигледно, има човечки ресурси, меѓутоа не се вложува во човечките ресурси. Јас се прашувам ако не се вложува во човечките ресурси, како утре ние ќе ги користиме природните ресурси. Ќе имаме ситуација да не можеме, двата основни фактора , кои се основа за економски подем на една држава, да ги немаме. Тоа се развој на природните ресурси и искористување на човечките ресурси. И тоа не се прави. Јас само како илустрација да ви кажам од 1996 година, до денеска колку пари се вложувало во науката, а колку денеска, а прлус денеска со нашиот буџет и физичката култура и технолошкиот развој влезе во научно истражувачки проекти. Во 1996 година, се вложени 3 милиони и 600, а сега милион и 600 евра 2 милиони евра помалку. Некој ќе каже и 3 милиони се малку. Сигурно се малку. Но сигурно милион и 600 евра , во однос на 1996 година кога имавме друга ситуација во однос на 2005 година , каде што со гордост се потенцира дека ги почнавме преговорите со ЕУ и со гордост често пати се повикуваме на препораките на ЕУ, препораките на светските центри во однос на науката, технологијата и развојот, јас само да ви кажам дека очигледно Владата не ги прифаќа препорките и извештаите на Европската комисија. Јас неколку пати тоа го цитирав. Во аналитичкиот извештај пишува дека науката е добро фундирана во Република Македонија. Дека таа земја, т.е. Македонија се охрабрува да вложува во науката. Направила доста. Јас морам да ја искористам приликата дека раководството за наука при образование и наука си направи добра работа, си направи критериуми како треба да се додадат научно истражувачките проекти, си направија системи, но очигледно, некому тоа не му одговара и очигледно е дека не му одговара Македонија да има наука со која ќе се гордееме сите ние, а со што ние и ќе конкурираме на меѓународни проекти. Често пати се знаеше да ми се каже на Комисијата дека треба нашите научни работници да конкурираат на меѓународни проекти. Се

согласувам со таа констатација. Но тоа е само еден појдовен елемент. За да стигнеме до таа ситуација нашите научнници да конкурираат на тие меѓународни проекти, треба да имаат определен беграунт. А тоа се прави со вложување во тие луѓе. Ние што правиме? Едноставно, од година во година вложуваме во науката се помалку, а се гордееме дека ќе бидеме на прагот на влегување во ЕУ. Верувајте дека во ЕУ без соодветна наука, без вложување во екологија, еколошки стандарди, а претходно не прифативте амандман за земјоделството и во однос на се тоа што науката ќе помогне да се аплицира, да се искористи домашно знаење за домашно производство, ние сигурно нема да бидеме дел од ЕУ. Никој нема да не прифати. Впрочем, кој прифаќа сиромашен човек? Кој прифаќа човек кој нема никакво знаење. Кој прифаќа луѓе или групации, кои едноставно се зависни од надворешни влијанија. Или пак, ќе прифатиме дека тоа е основно начело и дека ќе влеземе во ЕУ, можеби во даден момент и во протекторат. Макар и во науката.

Мислам дека ова што се случува денеска, јас сум вчудоневиден, не само од фактот што Владата не прифаќа амандман каде што бараме барем приближно да фатиме чекор со некои земји кои вложуваат многу повеќе во науката. Не велам во однос на европските земји. Не можеме да се мериме сигурно. Но, можеме да се мериме со нашите околни земји и често пати да правиме корелации, во однос на Албанија, Србија, Бугарија, Хрватска, Словенија. Да ве потсетам, ако не сте знаеле во информациите од Владата сигурно сте прочитале дека оваа година токму вложувањето во Хрватска е во науката. Не е некој било кој сектор, туку е науката. Решиле дека ќе вложат во наука, се повеќе да фатат чекор со ЕУ. Хрватска ни беше партнер за влегување во НАТО и во ЕУ. Сега веќе почнуваат преговори за влез во НАТО во Хрватска, а веројатно, ќе влезе многу пред нас во ЕУ. И сите тие работи ќе бидат случајни. А никогаш нема да се запрашаме зошто тоа ние не го направивме, зошто нас не третираат како што не третираат. Едноставно, затоа што во дадени моменти, онаму каде што треба најмногу да вложуваме, а тоа мислам дека е науката, бидејќи на тој начин со вложување на науката ние правиме неколку добра, а доброто, повторно ќе потенцирам, правиме автентична наша македонска наука, ги држиме младите кадри, потенцијални стручни лица, да не можеме да вложуваме да останат во Македонија и да вложуваме во тие луѓе, даможат едноставно да покажат знаење, да можеме соодветно во даден момент добро да ги продадеме, со тоа што тие луѓе во даден момент ќе конкурираат на меѓународни проекти, ќе имаме македонски научници кои што ќе работат со европските научници заедно. Од ден на ден до денеска имаме се помалку. Веројатно, во иднина се помалку ќе имаме такви проекти. Зошто не се прифаќа, навистина не можам да дадам образложение, но очигледно се нема слух за потребата. Но јавното мнение мене ме Владата на Република Македонијачудоневидува во даден момент. Каде е сега Академијата и универзитетите да реагираат на соодветното однесување на Владата. Владата се однесува едноставно, како да не им треба наука дека луѓето и по закон кои се вработени во универзитетските центри, а патем да кажам дека имаме оврска, како што рече претседателката Соња Лепиткова дека имаме и трет државен универзитет, имаме обврска да ги финансираме нивните проекти. Едноставно, велиме дека тие не треба да ги финансираме, па што сакате направете со тие пари. Ако е тоа интенцијата земете ги тие прари, правете што сакате , а не треба дури да ги дадеме ни тие пари. Да не ги даваме, да нема воопшто фонд за наука. Или ќе правиме систем, што мислам дека веќе се прави тој систем, каде што се контролира кому и како и на кого се даваат научните проекти и што очекуваме од тие научни проекти. Се согласувам дека науката не може да даде денеска за утре резултати. Науката дава нешто повеќе . Ако вложениот денар, вложеното евро во областа на туризмот се враќа 7-8 пати повеќе, вложувањето во науката се враќа сигурно 5-6 пати повеќе. Но треба време, треба да го издржиме тоа. И треба да вложуваме. Гледате во светот што се случува. Се вложува во спортски клубови, се вложува во наука, се вложивуа во спортисти и за сето тоа во даден момент се вложува, се дава пари за да се врати она што е вложено во тој економски интерес. Сигурно економскиот интерес е најважен во даден момент. Но повторно ќе потенцирам дека не можеме краткорочно да очекуваме од науката економски интерес. Тоа треба да го направиме далекусежно. Ако можеме да одвоиме пари за разни намени, ако буџетот е околу милијарда и 700 милиони евра и ако не можеме ние да одвоиме 5 милиони евра, за што констатиравме и на Комисијата дека е еден минимум, да фатиме приклучок кон ЕУ или европските текови, мислам дека ние правиме голема грешка. Едноставно, го разнебитуваме оригиналното, барем до некаде стигната наука во Република Македонија. И тоа го правиме, бидејќи резултатите покажуваат од 1996 година, а особено после три години имаме драстично намалување на средствата во науката. За поздравување е можеби фактот што во образованието се вложуваат малку повеќе пари. Но мислам дека и тие вложени пари во областа на образованието би требало многу повеќе да бидат, бидејќи, образованието и науката се тесно поврзани и тука нема експерименти со кои можеме да ги гледаме какви се ефектите. Ефектите се поразителни од наша страна. Вие очигледно не ја сваќате суштината на работите. Не сакате да сфатите дека науката треба да се финансира. Не сфаќате дека тоа се препораки од ЕУ, дека е тоа обврска на државата да постапува по тие препораки. За тоа пишува во Извештајот. Едноставно онаму каде ви одговара или не ви одговара, кажувате дека нема пари за науката,

без никакво образложение. Тоа право го немате да го направите. Треба да дадете образложение зошто не вложувате во наука и зошто парите кои се вложуваа во некои од изминатите години од година во година се се помали. На што се должи таа работа. Да ги видиме причините. Можеби причините се оправдани. Но јас не видов никаква причина . Јас минатиот пат прочитав објаснување дека повторно ќе се вложуваат пари во науката. Кога го прочитав тоа едноставно, толку многу сектори и места има каде што треба да се вложи во науката, а толку малку пари јас едноставно не знам и немам начин да заклучам дека со овие пари ќе изградиме автентична научна мисла, автентична научна слика за Република Македонија и ќе ги задржиме младите, а тие постари научни кадри кои работат на тие научно истражувачки проекти. Ќе се согласите, технолошки развој, технолошка култура, иновации и она што следи не може да има без да се вложува во науката. Сигурен сум дека со вложувањето ќе дојдат и економските ефекти на подолг временски период.

Ние контактиравме дека од нас зависи дали ќе влеземе во ЕУ или не. Од нас зависи колку ќе работими, како ќе работиме и колку ќе вложуваме. Но, очигледно она што можам да констатирам од буџетот во разни сфери од нас што зависи тоа го правиме. Сите сфери што се најважни елементи за влез во ЕУ, тоа беше земјоделието, екологијата, науката, се помалку пари има без образложение и мислам дека на овој начин едноставно не можете и не можеме да очекуваме дека ЕУ ќе не прифати. Впрочем, кој прифаќа сиромашни и незнајковци во наводници, а ко тоа ние не го направиме сами за себе. Сигурно никој нема да не прифати.

На крајот, можам само да го констатирам следново, бидејќи стално велиме дека нашиот брод тргна кон ЕУ. Ќе кажам само една кратка приказна за таа работа дека нашиот брод тргна , а може да се случи нешто друго. Двајца рибари ловеле на море со едно кајче и ги фатило невреме. Едниот рекол ќе се удавиме, невреме е. Другиот рекол господ е голем. Да, рекол господ е голем, ама кајчето е мало.

Очигледно со овие пари ние стартуваме со брод во Европската унија, со мало бродче и сигурно тие бранови кои се во меѓународната економија, во меѓународната наука и меѓународното однесување во однос на сето ова што ние го предлагаме е многу мало и сигурно ќе се удавиме. Па сносете си ја одговорноста за тоа што вие сте го направиле. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а оние што се внатре да не излегуваат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласал 61 пратеник, 20 пратеници гласале за, 4 воздржано и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 7, подпрограма 71 ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот е како претходниот, само што зафаќа од трансферите за невладини организации за здруженија, хендикепирани и тн. и не го прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Бонева Силвана.

Госпоѓо Бонева, вие изгледа се навикнавте откако ќе почнам да заклучувам тогаш да се јавите, а можете како другите да се пријавите за збор откако ќе се отвори расправата.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Треба да чекаме господине потпретседателе дали ќе биде прифатен или не амандманот, па после да се јавиме.

Овој амандман е речиси идентичен со претходниот, меѓутоа, износот кој што го бараме е малку подруг. Според Лисабонската декларација, на сите земји им се препорачува за наука во своите домашни буџети да издвојуваат минимум 3% од бруто домашниот производ.

Во Република Македонија средствата кои се издвојуваат за научна дејност процентот изнесува нешто помалку од 0,2%. Со средствата кои што се предвидени во Буџетот за 2006 година може слободно да се прогнозира целосна стагнација и уназадување на научно-истражувачката дејност во Република Македонија, која и така во моментот се наоѓа во многу лоша состојба. Со овој амандман во оваа дејност се додаваат средства со кои ќе се постигне барем нивото на средствата кои ги имаше научно-истражувачката дејност до 2002 година и со тоа ќе се создадат барем минимум услови за нејзино функционирање.

Од тие причини, го повикувам парламентарното мнозинство да го поддржи вој амандман.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, без двајцата пратеници кои влегоа сега, за да констатирам за гласањето.

(По пребројувњето од страна на службите).

Гласале 65 пратеници, 16 пратеници гласале за, 1 воздржано и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463 и на Раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Соња Лепиткова, Благој Голомеов, Роза Топузова-Каревска, Нелко Стојановски, Иван Анастасовски, Коста Прешовски, Спиро Мавровски, Рафис Алити, Хусеинџеват Хусеини, Милка Митковска, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Ѓорѓи Оровчанец, Тасим Сулејмановски и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа со оглед дека ги намалува инвестициите за сметка на трансферите во Буџетот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 24 за амандманот, 1 воздржан и 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Разел 16101 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, програма 4 подпрограма 40 ставка 463 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Марјан Ѓорчев, Михајло Ѓоргиевски и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед дека е за сличната намена со исти извори на пренос на средствата од инвестиции во трансфери, амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван министре, претходниот амандман кој што го имавме предложено повеќе од 15 пратеници и добивме 24 гласа не помина. Овој амандман е со слична содржина. Се работи дури и за истите средства, само алоцирани во две ситуации, едната за поддршка на спорт и поддршка на меѓународен спорт, во првиот случај со 10 милиони денари за потпрограмата спорт, а во вториот случај за потпрограмата меѓународни активности за спорт за 5 милиоони денари, или вкупно 15 милиони денари.

Минатиот пат го прекинав моето излагање за Буџетот токму тука кога дојде она што значеше спорт. Тоа секогаш го оставаме за крајот, но мислам дека времето помина и дека крајот е многу блиску, па ако не се замислиме сите малку подобро, вклучувајќи го прво министерот и Владата, ќе дојдеме во состојба што никој не ја посакува во државата. Таа и сега е крајно критична и јас ќе си земам за право да ја сликам правата состојба, затоа што она што го имате претставено од Агенцијата за млади и спорт, како работи Агенцијата за млаи и спорт, какви активности има и што се се постигнало како меѓународни резултати, мислам дека апсолутно не одговара со она што е вистина во Република Македонија, за жал. Јас би сакал да е обратно, но тоа не е така, а ќе ви кажам и зошто. Во Република Македонија и спортиските и клубовите веше се во една крајно тешка финансиска ситуација и одвај саставуваат крај со крај. Се разбира, можеби има неколку од нив кои имаат добри спонзори, но спонзори кои во овој момент имаат желба да спонзорираат во македонскиот спорт, но тоа е нивна лична желба, што не значи дека ње и обврска и тие утре едноставно моожат да се откажат од овие клубови, што многу често гледаме дека се случува и тие клубови едноставно престануваат со активности. Ние и како Парламент и како Влада во последние години секогаш искажуваме една загриженост во однос на младите за нивниот начин на живеење, пороците кои следат и начинот на кој треба да ги избегнат, а тука мислам дека спортот е првата ситуација која може да донесе нешто промена, во која младите својата огромна енергија ќе ја пренасочат од она што значи лошо, во она што значи спорт, во она што значи физичка активност и тука ќе придонесеме сите заедно да имаме една млада генерација на која сите заедно ќе се гордееме, а не да ни се случуваат овие работи за да трошиме многу поголеми средства. Овие 15 милиони денари се ништо, доколку ги земете предвид средствата кои во моментот се трошат за она што значи заштита од дрога, алкохолизам, против штетноста на пушењето и не знам какви други акции се прават. Од друга страна, ги затвораме пред носот на младите спортските сали, буквално ги претвораме во нешто што значи магацин, а не се ни тоа и ниту за спортистите, ниту за граѓаните на Република Македонија тие хангари не се веќе во употреба и не служат за она што треба да бидат.

Зошто го говорам ова? Во многу од супер лигите во Република Македонија, не говорам за она што се општински лиги бидејќи тоа е пропаднато, но оние што се супер лиги се случува екипите да немаат средства да ги платат судиите и во текот на првенството да се откажуваат од лигите. Говориме за супер лиги кои според Законот за спорт треба да бидат нешто што во овој момент претставува врвот, кремот на македонскиот спорт. За жал, тоа не се случува. Значи тие почнуваат со првенството, имаат обезбедено можеби автобус само до 3-4 кола и тука приказната завршува. Спортските сали, говориме за Европската унија спортот е дел од тоа како се движиме кон Европската унија, во моментот немаме ниедна спортска сала блиску до тие стандарди што ги бара Европската унија. Се започна во Скопје да се гради една сала, но и тука се застана. Не знам која е причината, Владата даде некое ветување дека барем таа ќе биде завршена и дека ќе можеме да организираме светско првенство, за кое сите заедно се зафативме и кажавме дека ракометот како еден од најуспешните спортови ќе може да го направи тоа во Република Македонија и се надевам дека ќе најдеме сили сите заедно да го направиме тоа. Што да кажам за салите, дали некаде има парно, дали има топла вода, седишта по стандарди или пак без стандард воопшто, дали има седишта, тоа го гледаат сите оние што присуствуваат на тие спортски настани, но нив ги има се помалку. Нивниот број се движи од 20, што е максимално, во некои градови може да помине над 1000 гледачи. Со ова го губиме интересот и кај граѓаните во однос на она што значи една од активностите и работите што Република Македонија можела да се гордее со олимписки и светски прваци и она што значело метали на тие првенства, каде што бевме презентирани од спортисти кои сигурно ја презентирале многу подобро Република Македонија отколку сите нас што сме тука сите заедно.

Понатаму, проблемот со базение, тоа е проблемот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортските објекти, ние имаме базени во кои нема вода и ги пуштаме нашите пливачи на светски првенства и на олимписки игри со суви припреми, на кои едноставно ни се смее светот, затоа што тоа што се слоучува е апсолутно недозволиво. Тие ги користат спортските базени во нашата блиска околина, дали е тоа Бугарија, дали е тоа Србија, дали е тоа Грција. Во секој случај тука го немаат тоа право и не го изведуваат сето она што треба да го прават. Имаме поддршка во една федерација, таа е Фудбалската федерација, и од ФИФА и од УЕФА, можеби тука се направи најповеќе во однос на она што значи игралиште и стадиони, но доколку не се посвети доволно внимание, доколку не се направи она што е потребно за одржување на тие стадиони, ќе дојдеме во состојба да ги немаме и нив, ќе останат како што се другите, едноставно ќе бидат само некои ливади на кои ќе се тркала топка.

Би сакал да прозборам за она што значи репрезентација. Ајде, ова се клубови, секој ќе може да се снајде ако се снајде, ако не нема да постои, во многу градови веќе нема и спорт и никој веќе не ни поставува прашање после овие проблеми со социјалата, невработеноста и останатите други проблеми кои што ги имаат граѓаните. Но репрезентативниот спорт, многу интересно, уште во старт ние не можеме да обезбедиме за нашите репрезентативци визи за да може да одат некаде, да се натпреваруваат. Многу од спортистите беа вратени од аеродроми затоа што имале виза само до некаде и од таму биле вратени назад. Автобусите со кои ги пуштаме децата да се натпреваруваат на јуниорски првенства, кадетски првенства, застанати на границите на Европската унија не ги задоволуваат критериумите, се враќаат назад. Такви хиксови една држава не смее да си дозволи, било кој да биде тука во оваа Влада мислам дека тоа не смееме да го дозволиме апсолутно никаде. Пред нас се големи натпреварувања, европски првенства, светски првенства, олимписките игри, идната година се Зимските олимписки игри, за кои што иамме уште многу малку време. Читајќи ги изјавите на нашите врвни луѓе кои се инволвирани во сето ова, кажуваат дека нашите репрезентативци оваа година имале обезбедени припреми и биле дури 50 дена на снег. Господа, со 50 дена на снег ние имаме само двајца кои ќе се натрпреваруваат со Б-лиценца затоа што тоа ни го дозволува како Република Македонија. Овој циклус трае 4 години и 4 години одат по глечери во Аргентина, Австралија и не знам каде, и во летото кога тука немаме снег. Да не зборувам за сега кој како ќе тренира и каде ќе тренира и ќе ни се случи тоа што ќе бидеме сите задоволни дека нашиот репрезентативец ја извозил, ако не паднал на трката, ја извозил патеката и го освоил одличното 78-мо или 86-то место и пред нашиот репрезентативец се пласирале некои од Нигерија, Конго и не знам од каде кои во животот не виделе снег. А ние сме тука, снегот е покрај нас и тој ни прави проблеми, имаме минус 25, имаме 2 метри снег и имаме проблем. Имаме проблем затоа што во старт немаме ниту тренери, ниту тие деца ги пуштаме некаде каде штонекој може да ги обучи, а за тоа требаат пари. Бидејќи немаме пари и како што кажа минситерот, и овие 15 милиони денари биле многу, тогаш не знам што ќе правиме. Јас знам едни подобри времиња кога Владата и Агенцијата за млади и спорт обезбедуваше барем превоз, дали тоа беа авиони за репрезентации, за меѓународни натпревари, кога се финансираа спотските клубови тие пари завршуваа токму во клубовите и таа активност беше многу поголема, луѓето беа посигурни, побезбедни, можеше да има шест јуниорски екипи за кои едноставно не се плаќаше во салите, но сега едноставно се се плаќа, се се дава, но условите се исти, дури полоши, но за тоа никој не одговара. За да имаме нешто, потребно е тука, заедно со колегите пратеници тоа го говоревме, на нас ни треба и

науката во спортот. Науката во спортот од чист еден човечки аспект значи здравствената заштита, антидопингот, контролата за која што никој никаде нема обезбедено никакви средства. Нам ни се случи неколку спортисти млади луѓе на 20 години да доживеат срцеви удари и да починат, а за тоа апсолутно никој е чувствува никаква одговорност, за жал. И еве момент да се извиниме на семејствата на тие луѓе што некој им дозволил воопшто да бидат таму каде што не требале да бидат во тие моменти, но за жал тоа продолжува и понатаму, таа здравствена заштита изостанува, дури и во репрезентативни категории каде што треба да имаме максимално и ќе бидеме едноставно со лекарства кои некој ќе ги прими, ќе биде суспендиран и ќе биде смешен со 78-мо место да се покаже на антидопинг контролата дека е позитивен. И тоа ни се случува и тоа е, за жал, вистина. За овие 15 милиони мислев министерот нема да прави никакви проблеми и дека ќе бидат префрлени.

Јас ќе ве повикам сите заедно, како што бевме заедно во иницијативата за донесување на еден нов закон, без разлика каков ќе биде овој Буџет, сите ние заедно ако имаме доблест до крајот на нашиот мандат да донесеме еден закон во кој што ќе има ослободување на даноци и оној кој сака да учествува и да даде свои средства во развојот на науката, културата, образованието и спортот, мислам дека имаме сила сите заедно да го донесеме законот, гледајки ве вака и она што значеше првата средба со граѓаните и оние кои што се заинтересирани токму за оваа активност, мислам дека имаше многу позитивни ефекти и дека не смееме да застанеме тука, мораме да ја завршиме таа кампања и кога ќе видиме дека една Хрватска, која што има можеби една планина, која што е голема како Тумбе Кафе во Битола да има светски резултати што претставуваат веле сила, за Словенците знаеме дека тие беа уште во бивша Југославија носители на она што значеше спорт, посебно во зимските спортови, сега Хрватска застана рамо со рамо и тоа со иницијатива на хрватскиот пул кој што го направија. Мислам дека е време да го направиме тука. Сите оние што сакаат да донираат во македонските репрезентации, ова е еден прекрасен сојуз каде што Шаховската федерација едноставно стигнува во ситуации со светски калибар да не може да си дозволи и да стигне не за некакво натпреварување каде што треба да има тренинг, туку чисто за европско и за светско првенство, кое е апсолутно недозволиво. Дозволуваме да поминеме така низ Лигата на шампионите кое што претставува едно натпреварување каде што целиот свет е свртен кон тие натпревари, но кај нас нема интерес. Нема интерес. Дали е во прашање политика, дали се во прашање пари, мислам дека повеќе е првото отколку второто и знам дека после една изјава на бившиот премиер дека политиката не смее да се меша во спортот се случи ова што се случи и сите луѓе се повлекоа сваќајќи го тоа буквално, така да сега во спортските клубови немаме никакви средства за основно одржување на тоа што значи спорт.

Затоа колеги пратеници, овде се работи за 15 милиони денари, апсолутно никакви средства, затоа што и ова што го говориме и што се гледаме искажуваме недоверба меѓу нас каде што имаме 20 потписници на еден амандман претходен, кој што е ист или сличен со овој за кој сега расправаме мислам дека треба да имаме доблест и да покажеме дека овие 15 милиони се една добра причина утре сите заедно да го изработиме законот и да донесеме закон кој ќе го носи македоснкиот спорт, културата и образованието и науката напред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господа пратеници.

Општо познато е дека спортот е најголемиот амбасадор на секоја земја, вклучително и Република Македонија. Не треба многу далеку да отидеме да видиме што значи светски првак, ракометната репрезентација на Хрватска за Хрватска, што значи светски првак одбојкашката репрезентација на Југославија односно Србија и Црна Гора или светски првак шаховскиот velемајстор Топалов од Република Бугарија.

Ние во тој дел исто така треба да гледаме дека спортот е претпоставка за образованието и науката затоа што само од здраво тело можеме да развиеме здрави личности,психолошки, социолошки кои што се втемелени во она што значи македонски вредностен систем.

Од тие причини овие дополнителни 10 милијони за програмата спорт и 5 милиони за меѓународни активности се навистина толку малку средства, а толку многу може да се помогне на македонскиот спорт. Господинот Мавровски зборуваше сеопфатно, јас ќе говорам за една спортска федерација која што во изминатите 10 години успеваше да биде на светски првенства, олимписки првенства, евроспки првенства, секогаш во првите 10 во светот и токму заради негрижата од буџетските програми и ребаланси дојдовме до таму, зборувам за Шаховската федерација да една екипа која што беше во два наврати 7 и 8 место на Олимписките игри од 140 земји, 8 во светот од 150 земји и на двапати 7 и 10 место на Европско првенство од 40 земји овој момент еден играч кој што беше етнички македонец се врати во Бугарија, двајца играчи емигрираа во САД и уште еден се спрема да емигрира во една од земјите од Европската унија. Република Македонија остана без ниту еден шаховски репрезентативец. Петиот, последен Олимписки корифеј сега размислува да го напушти шахот на 31 година. Тоа е ситуацијата со врвниот македонски спорт, со вакви минорни издвојувања. За Шаховската федерација се даваат годишно 240 илјади денари. Тоа не е

доволно да ги поднесете ниту патните трошоци за македонското државно првенство на државно ниво, а не да организирате оваа година, 2006 година има Олимписки игри во Торино во Италија. Едноставно бараните средства не се нешто што претставува некоја изнудена или, некаква варијанта. Тие се претпоставка да имате спорт. Ако не можете тој што се бави со спорт толку години, јас се бавам со спорт од мојата седма година мислам дека треба да знае дека никогаш Македонија не била на подолни граници. Тоа ќе го илустрирам пак со Шаховската федерација.

1972 година во градот Скопеј како домаќин на Олимписката шаховска Олимпијада се направија три капитални објекти, Олимпиското село, хотелот Скала и Скопското Сајмиште. Заради шахот тие се направија. Буквално не заради Шаховската олимпијада со неповратни пари кои што ги донираше и Светскиот Олимписки комитет најмногу благодарение и заради земјотресот во Скопје кој штопомогна на таков начин да се донираат големи средства и од фондовите за изградба на Градот Скопје се изградија тие 3 капитални објекти.

Единствено што доби Шаховската федерација овие 30 години беа некои простории од 150 м2 во Трговскиот центар, кои што пред неколку недели со исфрлање на сите шаховски маси, фигури во ерата на транзиција тој простор беше даден на некои приватни сопственици кои сега ќе располагаат со тој простор. Тоа ви го кажувам за да разберете дека во овие 30 години, 1982 година 33 години Република Македонија наоѓала начини, дали преку Владата, тогашен Извршен совет, дали преку владите на Република Македонија до сега да се справи со еден таков проблем, а сега наеднаш го препуштаме спортот на транзицијата. Меѓутоа ако е транзиција не значи дека мора да се умре. На ваков начин ова што го правиме ние сега огромни капитали, Скопското сајмиште се продаде 6 милиони марки и повеќе, Скала и Олимписко село незнам колку милиони марки на еден да му текнеше барем, јас трипати дискутирам за тоа да вложи барем еден милон денари не за шаховски развој, за спортот како програма, а за меѓународни активности барем 500 илјади денари за да можат нашите ракометари кои што се сеуште во кондиција, одбојакари, кајакари, да можат барем достоинствено, да имаат еден сенвич да си купат кога одат на светски, олимписки, европски такмичења. Јас говорам за врвниот спорт, за амбасадорот, за амбасадорското на спортот, неговата функција.

Од тие причини сметам дека одбивањето на овој амандман е одбивање да се соочиме со реалноста. Ние ако немаме спорт во меѓународни рамки сметаат дека немате држава, затоа што кога ќе се споредите како другите држави се однесвуаат кон спортот, посебно Хрватската држава или државата Србија и Црна Гора ќе видите дека тоа значи достоинство, гордост, припадност кон својата нација. Македонските спортисти одат на натпревари со дневница од 100 денари и со толку можат да си купат еден чај и евентуално празен сенвич, можат да купат две кришки леб, а постигнуваат резултати какви што псотигнуваат и на европски, на светски и на олимписки игри. Политичкиот комитет не може да помогне, спонзорите се тргнати, затоа што едноставно со оној Закон што го имаме сега не им овозможуваат било какви ослободувања. Државата мора да се нагрби со товарот да го сочува спортот. Јас кажав што се случува. Цел оној олимписки состав кој што донесе златен медал од Олимпијадата во Истамбул 1999 година во Македонија веќе не постои. За 7 години успеавме млади личности од 18, 19 и 30 години да ги откажеме од спортот, да се тргнат од спортот, да мигрираат во САД, во соседна Бугарија, или во други европски држави. Тоа е судбината што ќе ги најде сите надежни спортисти во Република Македонија. И ако ние на ваков амандман каде што за основни трошоци, би рекол за најминималните трошоци кои што се суштествени да се одржат првенствата во ракомет, во одбојка, во борење, во шах и во други спортски дисциплини, не можеме да најдеме разбирање. Иако повторно ќе кажам, многу се 15 милиони денари да се префрлат од една ставка која што е инвестиции во Буџетот, досега ги одбивме сите ставки, ни една не помина, тогаш навистина ќе се прашам, на кого му служи овој Буџет? Јас поднесов 5 амандмани, ниту еден не беше прифатен. Конкретно и за спортот, на спортистите овој Буџет сигурно не им помага, во спортот е катастрофа, луѓето сами се финансираат, кој ќе издржи, ќе раскажува, само ќе раскажува лошо за овој актуелен момент од македонската политика.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Благодарам претседателе.

Сакам да кажам дека ќе го подржам овој амандман, иако не сум еден од предлагачите, но како еден спортист и спортски работник навистина сочувствувам со она што се случува во спортот. Овие предложени 10 милиони за спорт и 5 милиони за меѓународни натпревари, мислам дека се минорни пари и дека тие пари сигурно ќе си најдат свое место и начин како да се финансира спортот.

Ќе кажам неколку збора, претходно кажав и за науката, очигледно е дека и напредокот на науката никому не му одговара и очигледно дека и напредокот на спортот никому не му одговара. Спортот е нешто што треба да биде финансирано, спортот е нешто што е зборувајќи од аматерски начин испразнување на спорот до она што се вика професионален спорт, тоа е обврска на една држава, на една Влада. Родителите на тие деца кои почнуваат да се занимаваат со спорт плаќаат даноци во оваа држава. Од тие даноци треба да им се врати, сигурно на најдобар начин, а тоа е спортот. Тоа не се прави. Кога правиме проекција во однос на спортот колку пари треба очигледно се тргнува од тоа дека треба да се финансира фудбалот, ракометот и уште некои спортови

заборавајки дека во Македонија, па и во светот постојат други помали спортови, поединечни и екипни спортови. Јас тренирав и сум тренер, сум бил такмичар во еден таков спорт, тоа е карате спорт, за кој што ќе ви кажам сигурно дека бил многу поголем амбасадор во светот, каде што јас сум учествувал, каде што сигурно се веело Македонското знаме и се користело името Македонија, а не ФИРОМ, со парите што сме ги плаќале ние од џеб, со спортисти кои што на дело го покажувале братството и единството во Република Македонија. Тоа сме го финансирале сами, без да може и да треба државата едноставно да финансира во тој дел. И ден денес јас во карате клубот Вардар сум тренер, не работам во карате сојузот, порано работев, а и вие работници во карате сојузот едвај крај со крај врзуваат, не можат да идат на европски, балкански и други првенства каде што достојно ќе се претставува Македонија. Едноставно не учествуваат затоа што немаат пари. Сами себе се финансираат од џеб. Се прашувам една работа. Тој што не тренирал, тој што не се такмичел не знае, но ќе се обидам да ви кажам на најпластичен начин дека ако во долг временски период не се такмичи дете кое се занимава со спорт едноставно мотивот се губи. Мотивот кога ќе се изгуби ќе го најдете тоа дете на улица со друг мотив, па после ќе се прашуваме што треба да направиме тоа "општествено зло", како што е шетање по улици, или ќе затвараме кафани ќе измислуваме работнивремиња кои треба едноставно да ги дисциплинираат младите, а не правиме ништо во другито дел што се вели спорт за да може на индиректен начин да ги ангажираме, или пак растењето на бројот на зависниците од дрога и други опијати. За тоа дури после ќе се прашуваме. Мислам дека кога треба да правиме проекции како да го помагаме спортот, како да најдеме начин да се финансира, бидејки ќе се согласите ако може светот, другите држави да финансираат секаков спорт, кога може од тој спорт да излезат максимум квалитет од квантитетот за да може на економски основи да се врати на соодветна држава со определен бенефит, тоа го прават сите држави, очигледно само Република Македонија не го прави тоа, не го прави во доменот на спортот, не го прави во доментот на науката, не го прави во доменот на она што треба да не претставува како држава во меѓународните институции во Европа и пошироко. Очигледно дека не можеме да изнајдеме средства, 10 милиони плус 5 милиони да се финансира спортот, кој сигурно ќе се врати на државата, на сите граѓани на Република Македонија со определен и погоелм бенефит. Тоа не се прави. Не се наоѓаат сили, не се наоѓа начин да се помогне и тоа што е најтрагично, како што реков и за претходниот амандман за науката едноставно се одбива без да се даде образложение зошто тоа се прави. Ние сме сведоци, тоа едноставно и треба на Владата да даде објаснување. Наоѓа дебели објаснувања зошто тоа треба да се направи вака, зошто овој закон треба да помине, зошто треба да се финансира и зошто треба да се задолжуваме со повеќе апри, или помалку пари во меѓународните иснтитуции, што во даден момент можеби се оправдани, но треба да сватиме дека финансирањето на спорот треба да биде со многу повеќе средства.

Ако ги видите рејтинг листите каде сме ние со спортот, мислам дека сме дури многу напред во споредба со она што се вложува, она што го вложуваме ние во спортот. Во фудбалот ќе дојдеме некаде околу деветтото место, можеби во ракометот во дадени моменти ќе блеснеме, ќе бидеме прваци за да утре паднеме на 10 или 18 место, во други помали спортови ќе бидеме еднаш на 2 или 3 место, или во каратето или во другите спортови, а потоа, после година, две да бидеме 20 или 30. Тоа се должи на негрижата, систематската негрижа на државата кон тие млади, кое што впрочем имаме и обврска да го направиме тоа. Имаме обврска спрема тие млади, имаме обврска кон школскиот спорт, имаме обврска кон клубовите, имаме обврска кон федерациите. Тие федерации се создадени, работат, функционираат во рамките на државата во тие спортови и тие федерации само се формираат, се оставаат така без да им помага некој во таа работа, што мислам дека не е во ред. Не е ни во ред некои спортови да добијат многу пари, некои помалку пари, но работата е што негрижа има. Негрижа има затоа што се вели дајте толку пари, па што сакаат нека прават. Кога државата ќе финансира врз основа на определени критериуми ќе се види дека тие пари идат таму каде што најмногу треба, таму во тие спортови испортски гранки каде што најмногу придонесуваат за афирмација на државата, за ангажманот на младите и за можноста да се афирмира македонскиот спорт. Тоа не се прави. Мислам дека тоа ќе продолжи и понатаму со неусвојување на амандманот и ако е објаснувањето дека и толку пари за спортот се многу јас предлагам и теи пари да се пренасочат на други места, па да се знае дека спортот во Република Македонија не се финансира и да не бараме едноставно од децата да спортуваат. Но сите, ама апсолутно сите сме родители и им кажуваме на нашите деца дека треба да спортуваат, тоа е многу здраво, многу добро за себе, за општеството, за државата, но ништо, апсолутно ништо освен декларативните наши кажувања не правиме тоа да се направи.

Затоа апелирам на пратениците да изнајдат сили во сите политички партии да го подржат овој амандман, иако сметам дека и овие пари се минорни, но да почнеме да размислуваме економски, да размислуваме европски, да размислуваем како што размислуваат другите држави, бидејки со вложени пари во спортот на овој начин сигурно повеќекратно ќе се врати на државата и на младите во форма на здрави млади сили и во форма на спорт-амбасадор на Република Македонија надвор од нашите граници.

Мислам дека треба да се подржи и јас овој амандман ше го подржам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Анастасовски имате збор.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, господин министер, колеги пратеници,

Јас се јавив во врска со амандманот кој е предложен од колегите пратеници, а се однесува на спортот.

Во принцип спортот е скапа забава и целиот Буџет на Република Македонија да е насочен кон таа област не верувам дека може да му помогне, бидејки само за ваше запознавање, еден реномиран фудбалер од било кој англиски клуб чини колку два македонски буџети, така да реално и целиот буџет не би можел да го подигне нивото на спортот во Република Македонија, меѓутоа може да се размислува во друг правец, како на некој дел од него да му се помогне.

Верувам дека намерата на предлагачите на амандманот е доволно искрена, како што беше на нас претходните предлагачи на амандман, кои што единствено имавме на ум да помогнеме во делот на меѓународниот план само на националните селекции, бидејки имаше таков барање и од самите претседатели на поголемите федерации во Република Македонија, каде што постои Одлука на Владата барем чартер летовите на националните тимови да бидат платени од страна на државата.

Верувам дека и амандманот од колегите е во тој правец и ако се размислува на таков начин навистина нешто може да се помогне во спортот и затоа јас би го подржал овој амандман, затоа што во едниот дел тие тоа го кажуваат. Највероватно под она што значи меѓународни активности се мисли на тој дел и сигурен сум дека постои една таква одлука каде што активностите на националните тимови треба да бидат покриени од Буџетот на Република Македонија.

Генерално, јас реков и во мојот говор по однос на буџетот генерално, ни државата ни овој буџет не може да му помогне на спортот ако и тој самиот на себе не си помогне. Значи, јас ќе го поддржам овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Еве, јас во насока на поддршка на овој амандман, сакам неколку работи да потенцирам, кои што еден дел од нив беа кажани и од предлагачите и од останатите кои што го поддржуваат амандманот. Тоа е генерално она што сите го знаеме и веројатно што сме го виделе и сме го почувствувале дека спортот навистина е најдобар амбасадор на секоја држава и дека можеби најсоодветно е во овие средства кои што овде се предлагаат, а кои што никогаш не се доволни за споротот, посебно за меѓународно претставување на Република Македонија, можеби најсоодветно е од ограничениот буџет од Министерството за надворешни работи дел од тие средства да се насочат за овој амбасадор односно претставник на Република Македонија преку најмасовен вид, преку медиумите, преку настапи на светски и европски манифестации на наши врвни спортисти.

Во таа насока сакам, бидејќи беа спомнати сите спортови во позитивна конотација, една работа околу фудбалот, кој што во овој буџет и со прифаќање на овој амандман и претходниот од колегите, апсолутно нема, веројатно, ниту да добие, ниту се претендира да добие средства, бидејќи фудбалската федерација горе-долу преку ФИФА и УЕФА и преку соодветни програми во нив добива некои средства кои што се навистина многу поголеми, отколку што другите федерации воопшто можат да ги имаат.

Меѓутоа, една работа треба да ни биде јасна, на сите ни е позната, но добро е да се потсетиме дека во Република Македонија, зборувам за фудбалот, има една прва професионална лига со 12 клубови, една втора лига, полупрофесионална лига со исто така 12 клубови, 6 региони со по 14 клубови, 26 општински лиги во просек од 8 до 10 клубови. Сами пресметајте колку се тоа клубови, колку се тоа вкупно фудбалери, млади луѓе ангажирани и што тоа значи, прво, за здравјето на нацијата, второ, за правилната насоченост на младите на генерации. Затоа што, ангажманот во спортот, сите овие податоци се само во една насока, сепак, да кажеме дека без разлика какви некој има предубедувања за фудбалот како спорт, тој е најмасовниот спорт во Република Македонија. Во тој дел само тоа и дека 95-тото или 94-то место кое што сега го зазема македонската фудбалска репрезентација е добар рејтинг, затоа што е во првиот дел на табелата на земјите членки на ФИФА, бидејќи ФИФА е единствена меѓународна организација која што има повеќе членки, отколку од Обединетите Нации. Исто така, не треба да се потценат резултатите на сите репрезентативни селекции во фудбалскиот спорт, почнувајќи од најмладите, па до сениорската. Тоа што ни недостасува е еден континуитет во добри резултати, во добри настапи и мислам дека во тој дел и понатаму најмногу придонес може да донесе не буџетот, не овој амандман или некој сличен, туку она што претходно го спомна колегата Мавровски, за кое што имавме, барем така изгледаше еден широк консензус со сите политички субјекти застапени во Парламентот за измена на Законот за спорт и серија измени во други законски проекти, во Законот за ДДВ или во Законот за данок на добивка, каде што треба да се направи една јасна дикстинција помеѓу спонзорства и донации. Ние во нашиот спорт, сега не зборувам само за фудбалот, туку за сите колективни, па и поединечни спортови, спонзорството по дефиниција е работа која што е повратна спрега. Значи, имаме фидбек, давање на средства од одреден спонзор и за тоа се очекува противуслуга односно рекламирање или било каква друга

односно било каков друг начин на повратна услуга, која што би ја добил спонзорот. Меѓутоа, нашиот спорт кој што е спаднат по финансирањето во тој дел, во неговото елементарно егзистирање на гранки да не може да се одржуваат лига такмичења во најдобрите колективни спортови во Република Македонија, каде што веќе во прашање и во кошаркарскиот тим, во одбојкарскиот тим и во ракометниот тим, каде што Македонија е, ајде да не речам, меѓу првите 20-тина репрезентации, можеби во Европа, не можеме да обезбедиме нормално натпреварување на првата лига, а камоли на втора или регионалните натпревари и т.н. да не зборувам за универзитетските натпреварувања или за најмасовниот спорт училишниот крос, каде што одржувањето на тие школски олимпијади е исто така спорт без кој што нема развој на ниеден врвен спорт во Република Македонија. Значи, во случајов треба да направиме дикстинција во тој проект меѓудонаторство и спонзорство. Во најголем дел случаи во Република Македонија претпријатијата, правните субјекти, па и лицата кои што даваат средства во спортот се донатори. Затоа што, многу малку можат да добијат од спортот во смисла на рекламирање на нивната компанија и т.н. Значи, најголем дел од нивните средства се донации. Е, сега, со постојните законски решенија на тие донации, не само што не се ослободени од данок на добивка односно тие донации не им влегуваат. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, се извинувам, јас не знам дали вие бевте присутни, за тоа имавме округла маса во Собранието, за закон за донации и спонзорства и мислам дека такво нешто и ќе подготви ова Собрание. Затоа, ве молам не би сакал да расправате за таа проблематика тука, туку во врска со овој амандман.

**Илија Китаноски:** Ве разбрав, претседателе.

Не ми е намерата воопшто да ја пренасочам расправата, само така го кажав и тоа како решение за овие спортови, посебно за колективните каде што многу малку може со интервенции во буџетот генерално да се подобри состојбата, затоа што потребни се услови, потребна е едукација на тренерски кадар, потребна е едукација на млади селекции односно тренерски кадар кој што ќе ги едуцира младите категории, потребни се услови. Тоа значи изградба на спортски терени, нивно одржување и т.н. и т.н., а тоа во еден годишен буџет многу тешко може да се направи или да се стори, меѓутоа, само да завршам,еве, бидејќи добив прва дигресија од вас и нема воопшто понатака да се занимавам со тој закон или тие предлози кои што ќе бидат предмет, се надевам понатаму на ова Собрание. Значи, поентата на сето тоа е дека донациите ќе треба да бидат ослободени и од плаќање на данок на добивка а можеби ако тоа се направи една стимулација на ефектите врз буџетот и од некој дел од данокот на додадена вредност. Значи, поединечните пак, спортови кои што најголем дел од со релативно мали вложувања постигнуваат врвни резултати на сите меѓународни натпреварувања, мислам дека токму со средства од буџетот можат да бидат овие проблеми кои што ги имаат надминато, затоа што се работи навистина за релативно мали средства, а во тие спортови и поединечни и колективни каде што Република Македонија  или по традиција или има добри поединци или по традиција постигнува добри резултати на врвните европски и светски натпреварувања, мислам дека во контекст на она што и претходно кажа колегата Анастасовски
дека чартерите или патувањата на сите, не само на репрезентативните селекции, туку и на сите репрезенти на македонскиот спорт, кои што на меѓународен план ја претставуваат Република Македонија, значи не само својот клуб, во клубските натпреварувања треба во тој дел државата во една рамка објективизирана, да им излезе во пресрет и да им помогне. Затоа, генерално ќе го поддржам овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

61 пратеник се присутни во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 60 гласале, 9 за амандманот, 2 воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 Програма 2, подпрограма 2 ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа, затоа што трет пат се зафаќаат од учеството на државата во инвестиции врз основа на странски донации.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Китаноски, имате збор.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Јас само накратко би ја образложил потребата и мислам дека е јасна таа потреба и дека средствата кои што се предвидени за реконструкција на библиотеките се навистина минимални, тоа се милион и 500 илјади денари и со тие средства не може сериозна реконструкција или поправка на една библиотека да се направи,

а камоли на сите, каде што буквално сите се наоѓаат во катастрофално лоши услови и работат во исто така катастрофално лоши услови.

Уште еднаш би го коментирал образложението со кое што министерот го одбива амандманот. Навистина, барем нешто суштинско за намената дали овие средства се доволни, дали се премногу за реконструкција на библиотеките, а не само заради тоа дека средствата кои што се бараат, земање на средства и префрлање во оваа ставка биле за исплаќање на ДДВ, на капитални инвестиции, од донации и т.н.

Во истата програма, на крајот постои една ставка 412 постојана резерва се вика непредвидливи расходи, бидејќи и овие донации се горе-долу прецизно не можат да се предвидат . . .

**Љупчо Јордановски:** Господа пратеници, ако не можеме да се сослушаме, тогаш да ја прекинам седницата, па да продолжиме утре. Ве молам, потивко.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Секогаш ако овие донации не бидат реализирани во тој обем во кој што се предвидуваат, бидејќи се предвидени донации, како среќа да се реализираа, секогаш таа ставка - постојана резерва за непредвидливи расходи, може да се искористи за таа намена, така што образложението дека заради тоа што се земаат средства од оваа ставка не се прифаќа амандманот, не држи. Мислам, немаме суштинско образложение зошто министерот смета дека за библиотеките е сосема доволно милион и 500 илјади денари во текот на цела година за реконструкција на сите библиотеки во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено други за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

59 гласале, 5 за амандманот, нема воздржани, 54 против.

Сега службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Дали ја броевте госпоѓа Лилјана Поповска? (Да)

Значи, сега сме 60 пратеници во салата и го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарам, сега имаме 61 пратеник во салата.

Амандманот повторно го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, гласале 60 пратеници, 5 за амандманот, нема воздржани, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 Програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и на раздел 18001 Програма 1, подпрограма 1-А ставка 482, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа, заради тоа што ги зголемува трансферите на сметка на инвестициите во градежни објекти и тоа се однесува исто и на наредниот амандман од Комисијата за култура. Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи, нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 59 гласале, 10 за, 4 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 Програма 5, подпрограма 50 ставка 464 и на раздел 04002 Програма 1, подпрограма 1-А ставка 481, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Поповски, имате збор.

16

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа, образложението го кажав претходно.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Дојчиновски имате збор.

**Киро Дојчиноски:** Почитуван претседателе, почитуван министре, драги колеги,

Само пред некој ден бевме многу среќни кога практично станавме кандидат за Европската унија. И, ова прашање, прашањето на културата, барем тука немавме ниту една забелешка, да не речам во некои сфери дури бевме подобри и немаше што околу тоа да забележуваат.

Дали сега е време да во областа на културата, за разлика од минатата година ги намалиме средствата, па да ја доведеме и оваа област, да речеме во една ситуација во која што треба да се ставaт.

Само да ве потсетам, само пред два месеца ја ратификувавме Декларацијата за враќање на културното наследство, украдено или однесено и за кое треба веќе во оваа година да почнат одредени активности околу негова валоризација, евиденција, презентација итн, односно повраќај. Ако тоа е една од потребните, ако кажеме дека од друга страна имаме секојдневно, знаеме што, отворање на она што го имаме како културно наследство и го оставаме на времето, без да имаме средства сега за негова конзервација и реставрација, неповратно ќе го изгубиме. И многу

други ако во културата, за кое што и претходниот член, односно амандман беше ставен па одбиен, а ми беше ветено ако е од Министерството за култура ќе може некако да ја играме играта, сега не ми е јасно зошто оваа друга потреба, што во моментов е актуелна се става назад на износот на средствата од минатата година.

Со сериозност, ние баравме да се преоцени, тоа веќе не е наше во моментов, тоа е прашање на политика на Министерството за култура, меѓутоа дали заштитата на културното наследство е позначајна или адаптација на одредени згради на Владата? Ми се чини дека ова второто може малку и да почека.

Од тие причини, мислам дека амандманот треба да се прифати.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 58 гласале, 10 за амандманот, 9 воздржани, а 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 5 потпрограма 50 ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 487 поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Блаже Стојаноски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за финансии.
Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Повторно истиот случај, за да обезбедат трансфери во културата се зафаќаат средства од изградба на патишна на Република Македонија, од инвестиции и тој амандман не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, изгледа ние денеска ја промашивме цела седница. Дефинитивно, мислам дека разговараме за повеќе од 40 амандмани и од нив прифативте еден, за 1,5 милиони денари, можевте и тој да не го прифатите и тука, барем овие средства, од оваа седница можеа да завршат некаде, да кажевме дека ова не може да биде.

Со минатиот Буџет и претходниот се случуваше тоа што се случуваше, но јас би го поддржал претседателот на Комисијата за култура кој пред малку говореше, токму овој амандман е во таа насока. Заштита на културното наследство, по потпрограма 50 заштита на културното наследство, разни трансфери, одиме со 61 милион се заменува со износот 161 милион.

Зошто го говорам ова? Република Македонија претставува културна ризница и тоа им е јасно на сите. Но, дајте да најдеме начин како културните установи самите да ги остваруваат своите средства и да почнат финансиски да опстојуваат самите, без да зависат од буџетските средства. Но, дека ќе се направи тоа, ние, нашата културна ризница мораме да ја зголемиме за се она што Република Македонија поседува во овој момент и за се она што потенцијално треба да се открие и да биде дел од она што така гордо кажуваме дека Македонија постоела, е и ќе постои, илјадници години наназад, но ние не даваме за право и ова што сега го имаме последните години, дали тоа се работи за културно наследство, за кое што ќе говориме многу скоро, тоа е од фонотеката на Македонската телевизија, дали се тоа библиотечни активности, книги што треба да ги имаме и да ги зачуваме, дали се тоа музеите на Република Македонија, дали се тоа археолошките ископини што ги има, дали се тоа црквите што овој период, токму од ова не заштитат, туку од тие средства што не се обезбедени за контрола, се украдени огромен број на средства за кое што овие 100 милиони мислам дека се смешни, затоа што со неколку икони овие пари се веќе извадени.

Значи нашата негрижа кон сето она што било наше и треба да е наше и треба да го оставиме на нашите поколенија, на ваков начин не оставаме ништо. Кажувате дека ова се капитални трансфери до вонбуџетски фондови и такви патишта во Република Македонија не видов. За жал, минувајќи на тој патен правец еве скоро секоја недела се случува убиство, веќе може да се каже, затоа што патот е во катастрофална состојба и сега, како држава, ако не можеме ова да го обезбедиме, 100 милиони денари, тогаш не знам за што говориме тука, за Буџетот, за што го трошиме времето и едноставно, јас ќе ви кажам. Ако овој амандман не помине, наредниот што е од група пратеници го повлекуваме и воопшто, мислам дека денешната расправа е промашена работа, непродуктивна работа во која што министерот не убеди и парламентарното мнозинство дека се е така како што е предвидено и се потврди она за што говоревме и пред почетокот во расправата за Буџетот, дека вие, тоа што ви е зацртано ќе го направите.

Направете го, со ова ќе одговарате пред граѓаните на Република Македонија и пред идните поколенија. Затоа што ова што го правите апсолутно не е во функција ниту на културата, ниту на спортот, а да не говорам за социјалата, зашто имаше толку амандмани или за земјоделието, што беа издржани, а за што не најдовте апсолутно никакво разбирање.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збро, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 60 гласале, 7 за амандманот 3 воздржани, 60 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 8, потпрограма 80, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20, ставка 464, поднесен од Комисијата за култура.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за финансии.
Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

За да бидам прецизен, како што личи на еден министер за финансии, досега прифативме четири амандмани. Овој амандман е ист како и претходните, ги зголемува трансферите и не можеме да го прифатиме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 59 гласале, 8 за, 3 воздржани, 48 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 1, потпрограма 10, ставка 401, 402 и 403 и на Раздел 19001 Програма 2 потпрограма 20, ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 поднесен од Комисијата за здравство.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Повелете господине министре, имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Би сакал за овој амандман на Комисијата за здравство и наредниот амандман да дадам едно појаснување.

Имено, двата амандмани се технички неисправни и се целосни неприменливи заради тоа што ги имаат помеѓу себе измешано средствата што се буџетски приходи и врз основа на собрани даноци и сопствени приходи на органот, во овој случај Министерството за здравство и направено е комбинација помеѓу нив.

Со оглед дека тие не се од еднакво потекло, немаат еднакви намени, амандманите не можеме да ги прифатиме во ниту еден случај.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеници присутни, 59 гласале, 8 за амандманот, 1 воздржан, 50 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 4, потпрограма 40, ставки 401, 402 и 403 и на Раздел 19001 Програма 4 потпрограма 40, ставки 483, 420, 425 и 426 поднесен од Комисијата за здравство.

И овој амандман не е прифатен од претставникот на Владата.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

55 гласале, бидејќи е голема разлика до 61, службите нека го утврдат бројот, а несовесните пратеници кои не притискаат сега ќе мораме да ги ангажираме да шетаат.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во салата се присутни 65 пратеници.

Зошто го избришавме видео бимот.

Дали да го повторам гласањето?

Добро, еве се врати.

55 гласале, 6 за, нема воздржани, 49 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма 7, потпрограма 71, ставки 401, 402 и 403 и на Раздел 19001 Програма 3 потпрограма 30, ставка 425, поднесен од Комисијата за здравство.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за финансии.
Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Не се прифаќа амандманот, затоа што префрла средства од трошоци во здравството што се нужни во плати за здравството, што сметаме дека не е добра алокација на средствата.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Гештаковски, имате збор.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани пратеници,

Иако сакав да се јавам за претходните два амандмани, беше кажано дека технички се неисправни, иако имам имформација од секретарката на Комисијата за здравство дека во координација со случбите од Министерството за финансии им било ветено дека се технички исправни.

Но, бидејќи тоа е тоа, сега ќе се задржам само на третиов амандман што се однесува на

формираната Дирекција за радијациона сигурност.

Јас мислам дека политика на Министерството за здравство, здравствената политика, својата волја ја искажа јасно и гласно со измените на Законот за здравствена заштита кога ја формира Дирекцијата за радијациона сигурност. Но, бидејќи таму има само еден вработен, а има потреба од вработување на нови стручни, компетентни личности, се бара префрлување на средства за нови вработувања, за да може оваа Дирекција да почне со работа. Значи, политиката на Министерството е јасно искажана. Сега треба да се имплементира она законско решение што Парламентот го донесе.

Јас мислам, мое лично мислење дека Буџетот треба да ја следи политиката на Министерството за здравство, бидејќи едноставно не може да се имплементира законското решение што го донесовме со формирањето на Дирекцијата. А, важноста на Дирекцијата за радијациона заштита и Дирекцијата за храна, не треба да зборуваме што значи тоа.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам господине Гештаковски.

Не сте единствен во случајов од тој аспект.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 12 гласале за амандманот, 6 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 Програма И, потпрограма ИО, ставка 483 и на Раздел 05001 Програма 1 потпрограма 10, ставка 426 поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Блаже Стојаноски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за финансии.
Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот предлага префрлање на средства од Министерството за одбрана во Министерството за здравство. Со оглед дека Министерството за одбрана, согласно стратегискиот одбранбен преглед што го има донесено Собранието на Република Македонија е фиксирано со процентот бруто домашен производ во расходната страна, вакво префрлање практично, и Собранието се има изјаснето, дека е невозможно да се направи.

Не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Може ли да ве замолам господине министре да не потенцирате Собранието. Собранието има донесено многу други закони па пак не ги гледаме во Буџетот.

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Бидејќи министерот беше прецизен дека досега прифатил 4 амандмани, јас ќе бидам уште попрецизен.

На денешната парламентарна седница го прифати амандманот на Раздел 16001 во Програма 6 потпрограма 6А реконструкција на студентски домови, во ставката 482 други градежни објекти износот од 5 милиони се заменува со износот 6,5 милиони и тоа е што денеска прифативте. Тоа е се.

Е сега, бидејќи гледам дека сте расположени многу за прифаќање, нема да ви го дадам тоа задоволство, јас ќе го повлечам овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19101 Програма 1, потпрограма 10, ставка 488 и на Раздел 09002 Програма Д потпрограма Д8, ставка 486, поднесен од пратеникот Илија Китаноски и Силвана Бонева.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот за финансии.
Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Како што кажав, вчера, во расправата капиталните дотации до општините во 2006 се пренесени во ресорните министерства каде што се одвиваат капиталните инвестиции. Тоа значи образование, труд и социјала, транспорт и врски итн, и од тие причини овој амандман не може да се прифати, затоа што средствата постојат во другите ресори, а не во локалната самоуправа каде што постоеле до 2005 година.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Господине Китаноски, имате збор, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Остануваме на амандманот, сметаме дека не е на одмет да се добијат дополнителни средства како капитални трансфери до единиците на локалната самоуправа, без разлика дали се префрлени во друга позиција.

Меѓутоа, факт е дека во почетокот постои оваа ставка, иако со цифра нула, така што образложението не е суштинско за неприфаќање на амандманот, како што беа и претходните образложенија за 11-те предложени амандмани за кои што од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беа предложени, ниту еден не беше прифатен.

Остануваме на амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници гласале, 9 за амандманот, нема воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 31101 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425 и на Раздел 13001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Аднан Ќахил, Јани Макрадули и Ејуп Рустами.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Буџетот.

Во меѓувреме, Владата на Република Македонија поднесе амандман во посебниот дел на Предлогот на Буџетот на Раздел 100001, на подпрограмите 10, 30, 41, 43 и Д-4 ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 и за додавање нови категории 46 и 48 и нови ставки 462 и 463 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на Буџетот да гласаме во целина, освен за Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител за кој Собранието согласно член 48 став 3 од Законот за Народниот правобранител гласа посебно.

Овој Предлог што го прочитав го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 55 за, нема воздржани и 11 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 пратеници гласале за, 3 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, 58 пратеници гласале за, нема воздржани и 9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2006 година, со Буџетите заз 2006 година на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија .

Почитувани пратеници, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,45 часот)